ООУ “Магдалена Антова”

Куманово

Училишниот одбор при ООУ “Магдалена Антова“, - Куманово, одржа состанок на ден 04.08.2020 ја разгледуваше самоевалуацијата на училиштето и ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Член 1. Се одобрува Самоевалуацијата на училиштето

Куманово — Претседател на училишен одбор

04.08.2020 — Дане Стојковски

____________________

САМОЕВАЛУАЦИЈА

2020/2021 година



| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Магдалена Антова„ Куманово |
| Адреса | ул. 110 бр. 5 Карпош |
| Контакт податоци (тел, факс, е-маил) | magdalenaantova@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | Април-Мај 2020 |
| | |
| | |
| Број на ученици во училиштето | 686 |
| Број на подрачни училишта | - |
| **Училишен Директор** | |
| Име и Презиме | Жарко Димитријевиќ |
| Потпис | |
| Датум | 04.08.2020 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Дане Стојковски |
| Потпис | |
| Датум | 04.08.2020 |

**Самоевалуација на училиштето: Подрачје:Организација и реализација на наставата и учењето 2018/2019 и 2019/2020**

| |
|---|
| **Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.**<br><br>**Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.**<br><br>**Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.**<br><br>**Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>1. **Реализација на наставни планови и програми**<br><br>2. **Квалитет на наставни планови и програми**<br><br>3. **Воннаставни активности** |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје:**

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(i) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| Наставни планови и програми донесени од МОН<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Тематски планирања на наставниците<br>Статут на училиштето<br>Прилагодени наставни програми за деца со посебни образовни потреби<br>Записници од спроведени анкети за изборни предмети и проширена програма<br>Записници од Наставнички Совет, Училишен Одбор, Совет на родители, Ученичка заедница.<br>Педагошка евиденција и документација<br><br>Записници од еко-одбор, еко- патроли, Анекс кон годишната програма за работа на училиштето од еколошката програма.<br>Еко-стандарди | **1. Реализација на наставни планови и програми**<br><br>Воспитно –образовната дејност во основното училиште опфаќа настава што се организира и изведува според наставни планови и програми.<br><br>Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставниците ги изработуваат сите годишни перспективни,тематско-процесни и дневни подготовки за предметите од задолжителна настава,изборни предмети ,час на ученичка заедница,како и дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности.<br><br>Во реализацијата на наставата нема битни разлики во однос на наставните програми добиени од БРО.<br><br>**Тема: Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br><br>Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците како и сите други кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат<br><br>Родителите и учениците на почетокот на учебната година се запознаваат со наставните планови и програми преку родителски средби , огласна табла, е-дневник.<br><br>**Тема: Приспособување на наставните планови и програми за деца со посебни образовни потреби** |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Со ваквото образование се опфатени околу 40 ученика меѓу нив со церебрална парализа, проблеми во говор, аутизам, комбинирани пречки, граничен случај, емоционална незрелост, проблеми во психомоторен развој, хиперкинетичко однесување и потешкотии во учење.Училиштето има капацитети да ги приспобува наставните програми по сите предмети, според можностите на децата со посебни образовни потреби. Со сите деца со посебни образовни потреби, вклучени во редовна настава, се работи според приспособените наставни програми. За учениците со посебни образовни потреби наставниците изготвуваат долгорочни, среднорочни и индивидуални образовни планови. За учениците кои имаат потешкотии во учењето, наставните содржини се прилагодуваат според нивните способности и при тоа се применува диференцирани пристап на работа.<br><br>**Тема : Избор на наставни предмети**<br><br>Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси. При тоа се почитува наставниот план, како и просторните и кадровски потенцијали на училиштето. Таков избор вршат учениците од одделенска настава од трето до петто одделение и предметна настава од шесто до деветто одделение .<br>Спроведена е анкета за избор на наставни предмети. Училиштето **нуди 3 (три) изборни предмети**, според наставниот план и спецификите на локалната средина. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците<br>Понудени предмети:<br>Во одделенска настава се избираат два изборни предмети во тековна учебна година на ниво на паралелка.<br>VI 1. Запознавање со религии<br>2. Класична култура и цивилизации<br>3. Етика во религии<br><br>VII 1. Истражување на родниот крај<br>2. Техничко образование<br>3. Проекти од информатика<br><br>VIII 1. Програмирање |

| | |
|---|---|
| Наставни планови и програми<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Тематски планирања на наставниците со вметнати содржини од еколошка програма<br>Статут на училиштето<br>Записници од Наставнички Совет, Училишен Одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, инспекциски надзор.<br>Записници од еко-одбор, извештаи од реализирани еко проекти,<br>Анекс кон годишната програма за работа на училиштето од еколошката програма<br>Педагошка евиденција и документација | 2. Проекти од информатика<br>3. Техничко образование<br><br>IX 1. Проекти од ликовна уметност<br>2. Проекти од информатика<br>3. Вештини за живеење<br><br>**Тема: Планирање на активности за реализација на слободни часови/ проектни активности**<br><br>Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните активности во училиштето. Училиштето има изготвен План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти со вклученост под 50 % од точките на акции од воспоставените еко-стандарди, Планот на активности е во согласност со состојбата и структурата на училиштето со цел постигнување конкретни резултати во текот на целата учебна година Согласно наставните планови и програми во училиштето се планираат и реализираат часови за слободни ученички активности како и се имплементираат содржини и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето ( Проект за еколошка едукација во Македонскиот образовен систем, Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Математика со размислување и Јазична писменост во почетните одделенија,Употреба на асистивна технологија за ученици со посебни образовни потреби и Проект –Безбедни училишта) .<br><br>**Тема: Реализација на проширени програми**<br><br>Родителите по пат на анкетирање имаат можност да се изјаснат за потребата од прифаќање на нивните деца еден час пред и еден час по редовна настава, односно потреба за реализација на проширена програма.<br><br>Училиштето реализира проширени програми , почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Училиштето интегрира еколошки содржини од еколошка програма согласно состојбата и структурата на училиштето. Под 50% од планирањата на постојните наставни предмети содржат |

| | |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Програми за дополнителна настава и други воннаставни активности<br>Педагошка евиденција и документација, сертификати за учество на обуки од еколошка прорама<br>Записници од стручни активи<br>Одделенски дневници<br>Признанија и пофалници<br>Фотографии и видео записи<br>Изработки од ученици<br>Изработени портфолија | еколошки содржини.<br>Училиштето реализира предавања за односите помеѓу половите, репродуктивно здравје, хив сида зависност од наркотични средства<br><br>**2. Квалитет на наставни планови и програми**<br><br>Со цел изготвување поквалитетни и посовремени наставни планови и програми наставниците редовно посетуваат семинари, едукативни работилници , стручни предавања, трибини, научни конференции.<br>Содржините во наставните планови и програми,а особено во предметот „Образование за животни вештини“ целосно го поттикнуваат развивањето на емоционалниот, личниот и социјалниот развој на учениците од различна родова и етничка припадност, како и со вештини кои им користат во другите наставни предмети и во секојдневниот живот.<br>**Тема: Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br><br>Училиштето преку формални органи планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програмии учебните помагала од наставниците и родителите од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност<br>Покрај ова родовата и етничката рамноправност,како и мултикултурната сензитивност се во фокусот на активностите кои од оваа учебна година се спроведуваат во нашето училиште во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Дел од активностите се реализираат во рамките на редовната настава преку интегрирање на наставните содржини, одржување работилници на часовите на одделенската заедница, активности со Ученичката заедница, Локалната средина и партнер училиштето во кое наставата се изведува на друг наставен јазик.<br><br>**Тема: Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br><br>При реализирањето на наставните програми училиштето ги следи приориотетите на општината и имплементира содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина.<br>При планирањето на наставните содржини во училиштето се поставуваат и цели кои се однесуваат на развивање и јакнење на еколошката свест кај учениците, почитување на |

| | |
|---|---|
| | различностите како и се поттикнува и развивањето на претприемничките вештини.<br>Меѓупредметни цели: развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Македонија како мултикултурно општество<br><br>**Тема: Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми**<br><br>Стручните активи во училиштето редовно се состануваат и дискутираат за потребите на наставниците поврзани со наставните планови и програми донесени од БРО. Постои програма за соработка со родители. Сите мислења, ставови и предлози донесени на стучните активи се испраќаат до Министерството за образование и наука и Биро за развој на образованието. Училиштето покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, иновирање на постојните и воведување на нови образовни профили врз основа на искажаните потреби на локалната средина и потребите на пазарот на трудот до Министерството за образование и наука, до БРО и во Центарот за стручно образование и обука<br>Училиштето покренува иницијатива за вклучување на наставниците, родителите и социјалните партнери во соработка и реализација, за изменување и дополнување на наставните планови и програми со содржини и точки на акции од еколошка програма.<br><br>**3. Воннаставни активности**<br><br>**Тема: Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br><br>Преку воннаставните активности учениците се социјализираат, поттикнуваат на креативност, комуникација, толеранција, а со тоа се зголемуваат не само постигањата, туку и нивните претприемнички и други вештини. Во Годишната програма за работа на училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности кои служат за поддршка на личен, професионален и социјален развој на учениците.<br>Проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“се покажа како одличен начин за соработка со побратимени училишта и премостување на меѓуетнички јазли и ни послужи како поттик за понатамошни дела и акции во нашите |

| | |
|---|---|
| | идни заеднички чекори.<br><br> |



Училиштето посебно се гордее со реализација на проектот „Велигденски базар“ во кој сите тимски  земаа учество почнувајќи од самите ученици, нивните родители и наставниците во изработка на велигденски украси и декорации. Настанот предизвика голем интерес кај локалното население и истиот беше многу посетен, а собраните средствата беа искористени за набавка на потребни средства и материјали во училиштето.



| | |
|---|---|
| Наставни планови и програми<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Годишни и тематски планирања<br>Дневни подготовки<br>Записници од состаноци на стручни активи<br>Евиденција и извештаи од посетени семинари за професионалниот развој на наставниците<br>Евидентни листови - инструменти за следење на планирањето на наставниците<br>Инструмент за следење и евалуација на наставниот час.<br>Инструмент за следење и евалуација на дневните подготовки на наставникот за додатна и дополнителна настава.<br>План за размена на искуства со други училишта во рамките на ПМИО<br><br>Годишни , тематски и дневни подготовки<br>Записници од стручни активи<br>Пополнети инструменти од посетени |  |

<table>
<tr>
<td>часови<br>Портфолија на наставниците<br>Инструмент за евалуација на наставниот час со сите аспекти (клима во паралелката, оценување на напредокот на учениците, комуникација на наставникот со учениците, изведба на наставен час, водење и тек на час)<br>Водење на педагошки картон<br>Инструмент за следење на педагошка евиденција и документација,(одделенски и матични книги)<br>Програма за работа на директорот<br>и стручните соработници</td>
<td></td>
</tr>
<tr>
<td>Пофалници<br>Дипломи<br>Елаборати од истражувачки активности на учениците<br>Ученички портфолија<br>Програма за работа и извештаи од Ученичка заедница</td>
<td>Тема: Опфатеност на учениците во изборот и планирањето на работата во вонаставните активности. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонаставните активности<br><br>Во повеќето од вонаствaните активности се вклучени по минимум 15 ученици.Не се прави разлика во вклучувањето на учениците во однос на полот, етничката припадност , социјалниот статус, како и нивните можности  и способности .<br>Учениците преку ученичката заедница се вклучени во</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Извештаи од учество на натпревари<br><br><br><br><br><br><br><br><br>Одделенски дневник<br>Дневни подготовки<br>Записници од стручни активи<br>Контролни и писмени работи<br>Ученички портфолија<br>Евиденција од додатна и дополнителна настава<br>Тестови на општи и специфични способности<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Програма за работа на училиштето<br>Правилник за оценување на напредокот на учениците<br>Интерен правилник за оценување<br>Усогласени стандарди и критериуми за оценување<br>Примери на оценети трудови на учениците<br>Контролни и писмени работи | изработка на програмите за работа на воннаставните активности.<br>Учениците имаат можности да се вклучат во воннаставните активности по сопствен избор.<br>Учениците своите постигања од воннаставните активности ги афирмираат преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво, каде ги претставуваат личните постигања, а воедно го афирмираат и училиштето.<br>Училиштето учествува на сите литературни и ликовни конкурси и на повеќето од нив се освоени високи места, особено на регионално и државно ниво.<br><br>2018/2019<br><br>Ментор: Тања Младеновиќ ,учество,I награда-Техно саем 28.05.2019 –Кристијан Стојмановски и Валентино Цветановски ( IX одд ).<br><br>Ментор:Маријана Димитриевска,математика за освоено (прва награда општински-Петар Денчевски 6одд., втора награда општински-Леон Јовановски-6то одд 02.03.2019., прва награда –регионален Петар Денчевски Леон Јовановски-трета награда, Сретен Стошевски –трета награда -13.04.2019,регионален натпревар,Петар Денчевски-трета награда државен -11.05.2019)<br><br>Ментор:Наташа Златковска,англиски јазик, за освоено трето место(општински-13.04.2019) и прво место на регионален -11.04.2019) ученик Дарија Трендафиловска V одд.<br><br>Ментор:Марјан Ангеловски ,хемија,општински-16.3.2019 – трета награда –Мила Павловска,општински натпревар-3 награда-Дијана Вукановиќ-16.3.2019 – 9то одд.<br><br>Ментор:Светлана Стојановска -Футсал (женски) 7-9то одд , ФЗИО 13.11.2018 оштински натпревар 3то место, и 20.5.2019 -3то место општински натпревар.<br><br>Ментор-Елена Георгиевска –регионален натпревар-математика-3та награда -13.4.2019 Дарко Краљевиќ 4то одд.<br><br>Биологија-ментор Оливера Јовановски<br><br>Ана Јовановска 7одд-23.02.2019 -2ра награда –општински натпревар<br><br>Сандра Трајковска-7 одд. 23.2.2019 -3та награда –општински натпревар<br><br>Дијана Вукановиќ -9 одд. 23.02.2019 III награда –општински натпревар |

| | |
|---|---|
| Евидентни листови за успехот и поведението<br>Записници од стручни активи и наставнички совети<br>Етички кодекс за оценување прифатен од родителите, наставниците и ученици<br>Инструменти за следење на наставен час<br>Критериуми за оценување и стандарди за постигањата на учениците кои се усогласени на ниво на училиште | Географија<br><br>Сара Стојковиќ VIII 26.1.2019 –општински нат. Прва награда – ментор Даниела Антевска<br><br>Леон Јовановски 6 одд. 26.1.2019 општински-втора награда - ментор Даниела Антевска<br><br>Сара Стојковиќ VIII -3.3.2019 –регионален –прва награда - ментор Даниела Антевска<br><br>Мила Павловска 9 одд. 26.1.2019 општински-прва награда,ментор-Виолета Мартиновиќ<br><br>Сретен Стошевски -6 одд, 26.1.2019 општински- втора награда –ментор Виолета Мартиновиќ<br><br>Мила Павловска 9 одд-3.3.2019 регионален-прва награда–ментор Виолета Мартиновиќ<br><br>Сретен Стошевски -6 одд,3.3.2019 регионален-3 место–ментор Виолета Мартиновиќ<br><br>Мила Павловска 9 одд-19.4.2019 државен –прва награда–ментор Виолета Мартиновиќ<br><br>Сретен Стошевски -6 одд-19.4.2019државен-втора награда ментор Виолета Мартиновиќ<br><br><br>Физика-ментор-Чедомир Спасовски-20.4.2019-ученик-Валентино Спасевски-20.04.2019 –регионален-прво место<br>Информатика-метор-Ирена Богатиновска-28.5.2019-Технички саем—прва награда –Колев Жељко<br>Екологија-Микро Бит-28.5.2019 Техно саем-прва награда-(Стефан Алексовски,Кристијан Стојмановски,Валентино Цветановски,Александар Милошевски,Стефан Живковски,Димитрије Спасовски-9 одд.)-ментори( Ирена Богатиновска,Виолета Мартиновиќ,Христина Алексовска,маријана Димитриевска,Ивона Д.Трајковска,Оливера Јовановски).<br>Оркестар-ментор-Оливера Трајковска-ученици д 6 до 9 одд.13.4.2019 –втора награда –регионален натпревар.<br><br>2019/2020<br>Географија-ментор Данијела Антевска<br>Стефан Бојковски-9 одд.9.2.2020 општински натпревар-прва |

| | |
|---|---|
| | награда, 7.3.2020-регионален-прво место<br>Јована Димитриевиќ-9 одд-9.2.2020-општински –втора награда<br>Сара Стојковиќ-9 одд. 9.2.2020-втора награда –општински натпревар<br>Ментор-Виолета Мартиновиќ<br>Сретен Стошевски- 7 одд 9.2.2020-општински натпревар-прво место, 7.3.2020-прва награда –регионален<br>Петар Денчевски-7 одд. 9.2.2020-општински-прва награда, 7.3.2020-регионален-втора награда<br>Леон Јовановски-7 одд.9.2.2020-општински-втора награда<br>Македонски јазик-ментор Тања Младеновиќ-21.10.2019-Дарија Трендафиловска-6 одд-3 место-натпревар –месец на книгата, 8.11.2019-2 место-литературен конкурс-Дарија Трендафиловска(Центар за култура)-21.12.2019 –Марио Симоновски-7 одд.<br>Ментор-Марија Цветановска-3то место-конкурс по повод Нова Год.(Центар за култура)-<br>Биологија-ментор-Оливера Јовановски, 2ро место –општински натпревар-Филип Панзевски 9 одд.(февруари)<br><br>**Прашања кои не се опфатени во рамката за самоевалуација, а придонесуваат за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето**<br><br>Наставниците редовно изработуваат годишни и тематски наставни програми како и дневни подготовки кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот ( целите на час, очекувани исходи , диференцирани цели и исходи, наставни форми , методи и техники, инструменти,активности,ресурси, проверка на постигањата, рефлексија), кои континуирано ги следат директорот и стручните соработници на училиштето за што пополнуваат формулари со одредени индикатори, а од страна на директорот се даваат забелешки и насоки за понатамошна работа. Стручните соработници им даваат поддршка на наставниците при изработката на годишните, тематските и дневните планирања, како и при изготвување на програмите за децата со посебни образовни потреби.<br><br>При изготвување на своите програми наставниците ги користат сознанијата од средбите со советниците и размената на искуства од одржаните стручни активи, посети на семинари и соработката со основните училишта од општината и градот. Во училиштето постои редовно соработка меѓу наставниците од одделенските активи при |

| | |
|---|---|
| | што тие заеднички изготвуваат неделни и месечни оперативни планови. Наставниците изготвуваат долгорочни, среднорочни и индивидуални планови за деца со посебни образовни потреби во зависност од нивните способности со внесување на диференцирани цели во дневните планирања.<br><br>Во рамките на стручните активи наставниците посетуваат отворени и нагледни часови, дискутираат за актуелни и тековни програми и проектни активности и разменуваат искуства и идеи.Во планирањата редовно интегрираат содржини со примена на ИКТ, јазична писменост и математика со размислување, содржини и активности во рамнките на проектот за "Еколошка едукација во македонскиот образовен систем", Наставниците редовно ја планираат и одржуваат додатната и дополнителната настава. Исто така планираат и задаваат домашни задачи согласно даденото упатство од страна на БРО.<br><br>Во рамките на проектот за "Меѓуетничка интеграција во образованието, во училиштето се спроведуваат активности, како на ниво на училиште, така и активности во соработка со партнер училиштето„Фаик Коница„од село Слупчане,Липково.<br><br>Со цел унапредување на воспитно образовната работа редовно се разменуваат искуства преку соработка со други училишта на ниво на општина, држава, како и на меѓународно ниво .<br><br>Согласно потребите и можностите на учениците, просторните можности и услови на училиштето и според спецификата на одредени предмети се изготвува распоред на часови во консултациии со наставниците, директорот и стручните соработници.<br><br>За реализација на наставната програма наставниците применуваат разновидни наставни форми, методи и техники на учење и поучување со цел активно учество на учениците во процесот на стекнување знаења, развивање критичко мислење, пртприемнички вештини, вештини за соработка и комуникација и примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот.Најчесто се користат следниве форми и методи на работа:фронтална, индивидуална, групна, работа во парови, метод на разговор, текст метод, практична работа, набљудување, експеримент.Од техниките најчесто користени се следниве,бура на идеи, техника грозд, венов дијаграм, коцка, петторед, квадрант... |

| | |
|---|---|
| | Во наставата се овозможува секој ученик да напредува согласно индивидуалните можности и способности.За таа цел се применуваат индивидуализиран и диференциран пристап на работа со учениците.<br>Во училиштето неколку училници се опремени со компјутери кои се функционално мрежно поврзани.<br>Планираните задачи за време на часовите како и домашните задачи се со различно ниво на сложеност и приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците при што на учениците им се овозможува да напредуваат со сопствено темпо. При реализирање на наставните часови и обработка на наставните содржини наставниците користат прирачници за работа, различни извори на знаење и дополнителна литература.<br>Наставата се реализира со примена на интерактивни методи кои поттикнуваат активно учество на учениците во наставниот процес. Учениците редовно добиваат повратна информација за нивните постигања од страна на наставникот.<br>При тоа преку формативно оценување наставниците го следат напредокот на учениците со што ја поттикнуваат и развиваат самодовербата кај нив.Односот меѓу наставниците и учениците е со взаемно почитување, соработка и разбирање без правење разлика меѓу учениците по пол , социјалното потекло, етничка и верска припадност.<br>Постои пропишана , интерна процедура за следење на наставниот процес со што секој наставник се посетува на час еднаш во полугодие од страна на директорот и стручните соработници кои преку своите инструменти (протоколи) го следат работењето на наставниците.<br>Стручните активи редовно се состануваат и разменуваат искуства од посетата на нагледни и отворени часови , како и од посетени семинари и обуки, со цел унапредување на наставата<br><br>Изработените литературни и ликовни творби од учениците се изложуваат во училиштето на паноа, а практичните изработки во витрините во училишните холови и кабинетите. Добиените награди и пофалници ги красат ѕидовите на училишните ходници. Преку активно вклучување на часот согласно таксономијата на Блум, преку примена на наученото, како и преку креативно и критичко мислење учениците не само што донесуваат заклучоци и искажуваат лични ставови и заклучоци во учењето, превземаат и лична одговорност.<br>Наставата се организира така да учениците се активни учесници во воспитно образовниот процес. Наставниците ги |

| | |
|---|---|
| | поттикнуваат , насочуваат и охрабруваат учениците самостојно да истражуваат и прибираат податоци од разни извори на стекнување на знаења, критички да размислуваат , решаваат проблеми и донесуват заклучоци.<br>Учениците сметаат дека можат слободно да го искажуваат своето мислење кое сериозно се зема во предвид при решавање на одредени проблеми преку редовните состаноци на Ученичката заедница во училиштето.Учениците се вклучуваат во работата на различни проекти и работилници во и надвор од наставата, при што работата во групи со различен состав и големина.<br><br>Во училиштето континуирано се следи напредокот и постигањата на учениците од страна на наставниците и стручните соработници и доколку се идентификуваат одредени потешкотии во процесот на учење се преземаат конкретни активности за нивно надминување. Во наставниот процес се почитуват индивидуалните потреби на учениците и согласно тоа се применуваат содветни наставни форми и методи на учење,се применува диференциран пристап на работа и се задаваат задачи со различно ниво на сложеност се со цел усвојување на наставните содржини од страна на учениците.<br>Според потребите и способностите на учениците се организира дополнителна и додатна настава како и слободни ученички активности за кои родителите се навремено информирани.<br><br>Училиштето има изготвено интерен правилник за оценување со усогласени стандарди и критериуми со кој учениците и родителите се целосно запознати.<br>Во училиштето е изготвен и прифатен Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците од страна на наставниците, родителите и учениците, кој целосно се почитува.<br>Напредокот на учениците се следи преку формативно оценување со тоа што од прво до шесто одделение деветгодишно образование се евидентира описно,односно од прво до трето на секој класификационен период, а од четврто до шесто на крајот од прво и трето тримесечие. Учениците од четврто до деветто одделение се оценуваат бројчано на крајот на првото полугодие и на крај на учебната година преку усмени одговори, контролни и писмени работи. При користењето на овие форми на оценување се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците. |

| | |
|---|---|
| | Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето  кои соработуваат со наставниците и помагаат во изготвувањето на објективните тестови на знаења. Наставниците континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците преку различни методи и инструменти. Учениците се вклучени во оценувањето  преку самооценување и  меѓусебно оценување.<br>Од март 2020 поради светската пандемија наставата беше прекината и се продолжи со онлајн настава или учење од далечина поради што се направи прилагодување на наставата и оценувањето според неочекуваната и новонастаната состојба.<br>Наставниците континуирано дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата во наставата.Тие целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и унапредат планирањето  на  наставата . |

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| Прашалник за наставници | | На тврдењето наставникот целосно го реализира наставниот план и програм одобрен од МОН 21 наставник (80.76%) одговориле потполно се согласувам, 4 наставник (15.38%) се согласува, 1 наставник (3.84%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето училиштето дава подршка на наставниците за да можат да ги подготвуваат и осовременуваат наставните планови и програми 7 наставника (26.92%) одговориле потполно се согласувам, 16 наставника (61.53%) се согласува, 2 наставника(7.69%) не се согласувам, 1 наставник (3.84%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето наставниците имаат можност да посетуваат семинари и обуки за проширување на своите знаења во изготвување на наставните планови и програми 6 наставника (23.07%) одговориле потполно се согласувам, 17 наставника (65.38%) се согласува, 2 наставника(7.69%) не се согласувам, 1 наставник (3.84%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето стекнатите знаења од овие семинари и обуки наставниците ги реализираат во наставата 6 наставника (23.07%) одговориле потполно се согласувам, 15 наставника (57.69%) се согласува, 2 наставника(7.69%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето стекнатите знаења од овие семинари и обуки наставниците ги реализираат во наставата 6 наставника (23.07%) одговориле потполно се согласувам, 15 наставника (57.69%) се согласува, 2 наставника(7.69%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето наставните планови и програми го помагаат личниот и општествениот равој на учениците од различна полова и етничка |

| | | |
|---|---|---|
| | | припадност, соработка , договарање, самодоверба, решавање на конфликти и др. 9 наставника (34.61%) одговориле потполно се согласувам, 15 наставника (57.69%) се согласувам, 2 наставника(7.69%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето постои добра соработка и комуникација помеѓу вработените, 15(57.69%) одговориле потполно се согласувам, 8 наставника (30.76%) се согласува, 1 наставник (3.84%) не се согласувам, 2 наставника (7.69%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето училиштето организира секции и воннаставни активности 11 наставника (42.30%) одговориле потполно се согласувам, 13 наставника (50%) се согласувам, 2 наставника(7.69%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето запознаен сум со активностите што ги планира училиштето, 14 наставника (53.84%) одговориле потполно се согласувам, 12 наставника (46.15%) се согласувам, 0 наставника(0%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето училиштето обезбедува услови за реализација на ИКТ во наставата 6 наставника (23.07%) одговориле потполно се согласувам, 8 наставника (30.76%) се согласувам, 9 наставника(34.61%) не се согласувам, 3 наставник (11.53%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето училиштето има услови за изведување на кабинетска настава, 6 наставника (23.07%) одговориле потполно се согласувам, 8 наставника (30.76%) се согласувам, 9 наставника(34.61%) не се согласувам, 3 наставник (11.53%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето училиштето реализира предавања за односите помеѓу половите, репродуктивното здравје,хив сида, зависност од наркотични средства и сл, 7 наставника (26.92%) одговориле потполно се согласувам, 12 наставника (46.15%) се согласувам, 7 наставника(26.92%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето училиштето има кодекс на однесување кој наставниот кадар го почитува, 13 наставника (50%) одговориле потполно се согласувам, 10 наставника (38.46%) се согласувам, 9 наставника(34.61%) не се согласувам, 3 наставник |

| | | |
|---|---|---|
| | | (11.53%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето училишната библиотека е опремена со бројни лектирни изданија и современа литература, 4 наставника (15.38%) одговориле потполно се согласувам, 15 наставника (57.69%) се согласувам, 7 наставника(26.92%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето во нашето училиште сите ученици имаат право да си го изберат по сопствена определба изборниот наставен предмет, 9 наставника(34.61%) одговориле потполно се согласувам, 15 наставника (57.69%) се согласувам, 2 наставника(7.69%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето наставниците по потреба изготвуваат наставни средства во врска со наставните содржини, 13 наставника (50%) одговориле потполно се согласувам, 12 наставника (46.15%) се согласувам, 1 наставника(3.84%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето училиштето е вклучено во различни проекти, 9 наставника (34.61%) одговориле потполно се согласувам, 14 наставника (53.84%) се согласувам, 3 наставника(11.53%) не се согласувам, 0 наставник (0%) потполно не се согласувам. |
| ▪*Прашалник за ученици* | 1. Трајковска Оливера-координатор<br>2. Снежанка Атанасовска-заменик<br>3.Зорка Ѓориќ<br>4. Марковска Драгана<br>5. Елизабета Ковачевска<br>6.Ивона Дејановска Трајковска | На прашањето дали се запознаени со наставниот план и програма и целите 16 ученика (66.66%) одговориле потполно се согласувам, 8 ученика (33.33%) се согласува, 0 ученика (0%) не се согласувам, 0 ученика (0%) потполно не се согласувам.<br>На тврдењето наставникот користи нагледни средства за осовременување на наставата 10 ученика (41.66%) одговориле потполно се согласувам, 9 ученика (37.5%) се согласува, 5 ученика (20.83%) не се согласувам, 0 ученика (0%) потполно не се согласувам.<br>На прашањето дали се вклучени во реализација на |

| | | |
|---|---|---|
| | 7.Филип Миленковски | наставниот план и програма 13 ученика (54.16%) одговориле потполно се согласувам, 9 ученика (37.5%) се согласувам, 2 ученика (8.3%) не се согласувам, 0 ученици (0%) потполно не се согласувам.<br><br>На прашањето дали наставниот план и програма е прилагоден според можностите на учениците 11 ученика (45.83%) одговориле потполно се согласувам, 9 ученика (37.5%) се согласувам, 4 ученика (16.66%) не се согласувам, 0 ученика (0%) потполно не се согласувам.<br><br>На тврдењето достапни ни се сите ресурси потребни во текот на наставата 4 ученика (16.66%) одговориле потполно се согласувам, 12 ученика (50%) се согласувам, 7 ученика (29%) не се согласувам, 1 ученик (4.1%) потполно не се согласувам.<br><br>6. На прашањето наставните планови и програми го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло со теми *договарање,соработка,самодоверба,конфликти 7 ученика (20%) одговориле потполно се согласувам, 11ученика (55%) се согласувам, 3 ученика (15%) не се согласувам, 2 ученика (10%) потполно не се согласувам.<br><br>7.На тврдењето –вклучени сме во проекти 9 ученика (40%) одговориле потполно се согласувам, 11 ученика (50%) се согласувам, 3 ученика (7%) не се согласувам, 1 ученик (3%) потполно не се согласувам.<br><br>8.На тврдењето -Училиштето има изготвено правила-кодекс на однесување кое се почитува од |

| | | |
|---|---|---|
| | | наша страна 11 ученика (45%) одговориле потполно се согласувам, 12 ученика (50%) се согласувам, 1 ученик (5%) не се согласувам, 0 ученик (0%) потполно не се согласувам.<br><br>9. На тврдењето -Наставникот го почитува моето мислење за реализација на наставните содржини 10ученика (42%) одговориле потполно се согласувам, 10 ученика (42%) се согласувам, 4 ученика (16%) не се согласувам, 0 ученик (0%) потполно не се согласувам.<br><br>10.На тврдењето -Наставникот редовно ги проверува знаењата на учениците 13 ученика (54%) одговориле потполно се согласувам, 9 ученика (37%) се согласувам, 2 ученика (9%) не се согласувам, 0 ученик (0%) потполно не се согласувам.<br><br>11.На прашањето- Не постои полова и етничка дискриминација при оценување на учениците-11 ученика (45%) одговориле потполно се согласувам, 12 ученика (50%) се согласувам, 1 ученик (5%) не се согласувам, 0 ученик (0%) потполно не се согласувам<br><br>12. На прашањето -Ученичките трудови и изработки редовно се изложуваат во училиштето 13 ученика (54%) одговориле потполно се согласувам, 9 ученика (37%) се согласувам, 2 ученика (9%) не се согласувам, 0 ученик (0%) потполно не се согласувам.<br><br>13. На тврдењето- Од страна на наставниците се применува ИКТ во наставата-<br><br>11 ученика (45%) одговориле потполно се согласувам, 12 ученика (50%) се согласувам, 1 ученик (5%) не се согласувам, 0 ученик (0%) потполно не се согласувам<br><br>14. На тврдењето- Училишната библиотека е опремена со бројни лектирни изданија и современа литература 10 ученика (42%) одговориле потполно |

| | | |
|---|---|---|
| | | се согласувам, 10 ученика (42%) се согласувам, 4 ученика (16%) не се согласувам, 0 ученик (0%) потполно не се согласувам<br><br>15. На тврдењето- Имаме можност за реализација на кабинетска настава<br><br>8 ученика (34%) одговориле потполно се согласувам, 11ученика (46%) се согласувам, 3 ученика (12%) не се согласувам, 2 ученика (8%) потполно не се согласувам |
| ▪*Прашалник за родители* | | 1.На прашањето дали се запознаени со наставниот план и програма на наставникот 7 родители (35%) одговориле потполно се согласувам, 10 родители (50%) се согласувам, 3 родители (15%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам.<br><br>2.На прашањето дали наставниот план и програм е прилагоден според можносите на учениците 3 родители (15%) одговориле потполно се согласувам, 10 родители (50%) се согласувам, 7 родители (35%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам.<br><br>3.На прашањето дали редовно се известени за постигањата и успехот на учениците 12 родители (60%) одговориле потполно се согласувам, 6 родители (30%) се согласувам, 2 родители (10%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам.<br><br>4.На тврдењето наставникот редовно ги проверува знаењата на учениците 13 родители (65%) одговориле потполно се согласувам, 7 родители (35%) се согласувам, 0 родители (0%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам<br><br>5. На прашањето дали  наставникот користи |

| | | |
|---|---|---|
| | | надгледни средства 12 родители (60%) одговориле потполно се согласувам, 6 родители (30%) се согласувам, 2 родители (10%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам<br><br>6.На прашањето дали соработката на наставникот и родителот е на високо ниво 9 родители (45%) одговориле потполно се согласувам, 9 родители (45%) се согласувам, 2 родители (2%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам.<br><br>7.На тврдењето наставникот организира и реализира работилници во кои сме вклучени како родители 2 родители (10%) одговориле потполно се согласувам, 12 родители (60%) се согласувам, 6 родители (30%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам.<br>8.На тврдењето запознаен сум со активностите што ги планира училиштето 4 родители (20%) одговориле потполно се согласувам, 8 родители (40%) се согласувам, 7 родители (35%) не се согласувам, 1 родители (5%) потполно не се согласувам.<br>9**.** На прашањето дали училиштето организира вонннаставни активности кои ученикот сам ги избира 7 родители (35%) одговориле потполно се согласувам, 10 родители (50%) се согласувам, 3 родители (15%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам.<br><br>10. На прашањето дали училиштето организира секции за учениците 3 родители (15%) одговориле потполно се согласувам, 10 родители (50%) се согласувам, 7 родители (35%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам.<br><br>11. **.** На прашањето дали учениците реално се оценуваат 13 родители (65%) одговориле потполно се согласувам, 7 родители (35%) се согласувам, 0 родители (0%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам<br><br>12. На прашањето дали потои полова и етичка дискриминација  при оценување |

| | | |
|---|---|---|
| | | 13 родители (65%) одговориле потполно се согласувам, 7 родители (35%) се согласувам, 0 родители (0%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам<br><br>13. На прашањето дали во училиштето постои пријатна атмосфера во текот на реализациј на наставата 3 родители (15%) одговориле потполно се согласувам, 10 родители (50%) се согласувам, 7 родители (35%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам.<br><br>14. На прашањето дали вработените се однесуваат со почит кон родителите 12 родители (60%) одговориле потполно се согласувам, 6 родители (30%) се согласувам, 2 родители (10%) не се согласувам, 0 родители (0%) потполно не се согласувам |
| ▪Разговор со стручните сорабротници | | Следењето и вреднувањето на наставата се изведува утврдено со законот преку посета на часови и со користење на инструменти за следење и вреднување на наставниот час, како и инструмент за вреднување на планирањата на наставниците. Поддршката на наставниците се постигнува со стручно усовршување и обука преку посета на семинари, стручни предавања, отворени часови итн. |

**Самоевалуација на училиштето: Подрачје: Организација и реализација на наставата и учењето 2018/2019 и 2019/2020**

| |
|---|
| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
| **Клучни јаки страни**<br><br>• Редовна организација и реализација на наставата и учењето<br>• Редовно следење на организацијата и реализацијата на наставата и учењето<br>• Редовно запознавање на учениците и родителите со организацијата и реализацијата на наставата и учењето<br>• Вклучување на ученици во организација и реализација на наставата и учењето<br>• Организација и реализација на наставата и учењето го помага личниот и општествениот развој на сите ученици на тема- соработка,помагање,договарање ,самодоверба,разрешување конфликти доколку се јават истите...<br>• Добра соработка на одделенските раководители и сите наставници со учениците и родителите<br>• Воннаставните активности во училиштето ученикот сам ги избира<br>• Постои пријатна атмосфера во текот на изведувањето на наставата во училиштето<br>• Наставниците користат современи средства и ресурси кои им се достапни на учениците во текот на изведувањето на наставата<br>• Односот на наставниците со учениците се базира врз заемно почитување,помагање ,соработка и разбирање притоа не прави разлика меѓу учениците според нивниот пол,социјално потекло,етничка и религиска припадност.<br>• Наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со што им се дава можност на учениците со различни способности да научат најмногу што можат<br>• училиштето има дефинирано политика на оценување почитувајќи го и кодексот на оценување<br>• наставниците редовно им даваат повратни информации за учениците за нивните постигања<br>• Во училиштето редовно се изработуваат наставни планови и програми, како и тематски, месечни и дневни планирања;<br>• Редовно се одржуваат состаноци на стручни активи во училиштето;<br>• Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за ученици со посебни образовни потреби и ученици кои имаат потешкотии во учењето;<br>• Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси;<br>• Во наставните содржини се имплементираат и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето ( Проект за еколошка едукација во Македонскиот |

образовен систем, Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Математика со размислување и Јазична писменост во почетните одделенија,Безбедно училиште...);

- При оценувањето се користат стандарди и критериуми за оценување со кои се информирани и самите родители;
- Родителите редовно се информираат за животот и работата во училиштето преку Училишен одбор, Совет на родители, родителски средби, преку Е- дневник , СМС пораки ;
- Наставниците навремено ги информираат родителите за организирање на часови за додатна и дополнителна настава;

Постигањата на учениците од наставните и воннаставните активности се афирмираат преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво.

**Слабости**

- Недоволна опременост на училиштето со наставни средства и помагала, како и со стручна литератураза наставниците;
- Наставниците имаат потреба од обука за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Употреба на поголем број методи и форми на оценување со цел пообјективно вреднување на постигањата на учениците;
- Учениците имаат потреба од насоки за поефикасно учење на наставните содржини
- Спроведување на поголем број активности кои ќе придонесат за развивање претприемнички вештини кај учениците
- Не секогаш прилагоден наставен план и програм одобрен од МОН според можностите на учениците особено во почетните оделенија како и недоволно обучени наставници, познавања и прилагодени услови за онлајн настава.
- Некои родители и ученици не се запознаени со активностите што ги превзема училиштето за да го подобри образованието
- Нецелосно опремени како и немање доволно кабинети за изведување на кабинетска настава
- Често немање можност за реализација на ИКТ во наставата поради немање интернет или во случај на слаба конекција или неисправни компјутери.

**Самоевалуација на училиштата: Подрачје: Организација и реализација на наставата и учењето 2018/2019 и 2019/2020**

**Анализа на резултатите:**

**Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје**

Од целокупната анализа за Подрачје- Наставни планови и програми-2018/2019 и 2019/2020 година е донесен заклучок дека училиштето ги реализира сите предвидени активности, со минимални недостатоци(кабинетска настава,реализација на ИКТ,опременост на училишна библиотека) кои во иднина ќе се надминат.

Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставниците ги изработуваат сите годишни перспективни,тематско-процесни и дневни подготовки за предметите од задолжителна настава,изборни предмети ,час на ученичка заедница,како и дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности. Во училиштето успешно се спроведува инклузивно образование за учениците со посебни образовни потреби и учениците кои имаат потешкотии во учењето. Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси. Согласно наставните планови и програми во училиштето се планираат и реализираат часови за слободни ученички активности како и се имплементираат содржини и активности од проектите кои се спроведуваат во училиштето ( Проект за еколошка едукација во Македонскиот образовен систем, Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, Математика со размислување и Јазична писменост во почетните одделенија,Безбедни училишта,Употреба на асистивна технологија) . Родителите и учениците на почетокот на учебната година се запознаваат со наставните планови и програми преку веб страната на БРО, родителски средби и е-дневникот.

При реализирањето на наставните програми училиштето ги следи приориотетите на општината и имплементира содржини и активности поврзани со културата и традицијата на локалната средина. Односот меѓу наставниците и учениците е со взаемно почитување, соработка и разбирање без правење разлика меѓу учениците по пол , социјалното потекло, етничка и верска припадност.
Преку воннаставните активности учениците се социјализираат, поттикнуваат на креативност, комуникација, толеранција, а со тоа се зголемуваат не само постигањата, туку и нивните претприемнички и други вештини. Учениците своите постигања од воннаставните активности ги афирмираат преку учество на натпревари на општинско, регионално и државно ниво

Наставниците делумно интегрираат содржини со примена на ИКТ, јазична писменост и математика со размислување, содржини и активности во рамнките на проектот за "Еколошка едукација во македонскиот образовен систем". Со цел унапредување на воспитно образовната работа редовно се разменуваат искуства преку соработка со други училишта на ниво на општина, држава, како и на меѓународно ниво .

Наставниците најчесто ги користат следниве форми и методи на работа:фронтална, индивидуална, групна, работа во парови, метод на разговор, текст метод, практична работа, набљудување, експеримент.Од техниките најчесто користени се следниве,бура на идеи, техника грозд, венов дијаграм, коцка, петторед, квадрант...Во наставата се овозможува секој ученик да напредува согласно индивидуалните можности и способности.Во училиштето постои пропишана , интерна процедура за следење на наставниот процес со што секој наставник се посетува на час еднаш во полугодие од страна на директорот и стручните соработници кои преку своите инструменти (протоколи) го следат работењето на наставниците. Училиштето учествува на сите литературни и ликовни конкурси и на повеќето од нив се освоени високи места, особено на регионално и државно ниво по математика.

Напредокот на учениците е следен и од стручните соработници на училиштето кои соработуваат со наставниците и помагаат во изготвувањето на објективните тестови на знаења.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Прилагодување на наставниот план и програма во почетните оделенија
- Создавање услови за изведба на кабинетска настава
- Надминување на проблемите со интернет со цел реализација на ИКТ во наставата
- Прилагодување на наставата и програмата за онлајн учење поради светскатата пандемија и обезбедување на соодветни услови за далечинско и онлајн учење.
- Обезбедување средства за потребните нагледни средства и помагала, како и стручна литература за наставниците;

Потреба од дополнителна едукација на наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби, обуки за правилно спроведување на онлајн настава итн.

Самоевалуација на училиштето: ООУ"Магдалена Антова"
Подрачје: Постигања на учениците

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ"Магдалена Антова"**
**Подрачје: Постигања на учениците**

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| • Дневници на паралелки<br>• Е-дневник<br>• Евидентни листови за успех и поведение<br>• Прегледи за успех по класификациони периоди<br>• Годишен и полугодишен извештај за успехот и постигнатите резултати<br>• Записници од наставнички | **2.1. Постигнувања на ученците**<br><br>**Тема: Подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност**<br><br>Училиштето во континуитет ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети. Наставниците применуваат формативно и сумативно оценување на постигањата на учениците, пришто ги почитуваат критериумите и стандардите за оценување дадени од страна на Бирото за развој на образованието. Покрај тоа, и самите наставници имаат изработено свои критериуми за оценување што ги применуваат во наставата. Учениците од I до III одделение се оценуваат со описни оценки, учениците од IV до VI одд. се оценуваат комбинирано (описно и бројчено), а учениците од VII до IX одд. се оценуваат со бројчени оценки. Училиштето располага со детални податоци за постигања на учениците по сите наставни |

| | |
|---|---|
| совет и одделенски совет<br>• Записници од средби со родители<br>• Училишни наставни програми<br>• Развоен план на училиштето<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Записници од стручни органи на училиштето<br>• Статут на училиште<br>• Увид од инспекциски тим<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Ученички портфолија<br>• Наставни листови и тестови | предмети за сите квартални периоди во текот на целата учебната година. На крајот од првото тримесечие, третото тримесечие и првото полугодие, педагошко – психолошката служба прави анализи на постигнатиот успех и поведението на учениците, во кои се вршат споредби со претходните учебни години и се предлагаат мерки со подобрување на состојбата. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност.<br>Училиштето промовира уверување дека без разлика на етничката и верската припадност и економскиот и социјалниот статус постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка. За дополнитената настава изготвени се и посебни известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на материјалот по поедини предмети.<br>За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение , а родителите имаат можност тоа да го прават и преку електронскиот дневник за да се информираат за успехот, постигањата и редовното посетување на наставата на нивните деца. Доколку учениците покажат намалување на успехот и несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на консултативен разговор. Ако и тоа не вроди со плод тогаш родителите се упатуваат на советување.<br><br>За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација и демонстрација ,употреба на ИКТ во наставата,, одржување на отворени часови), а сето тоа допринесува часовите да се поорганизирани. Според тоа, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.<br><br>Во оценувањето се настојува примена на поголема транспарентност и формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност. |

| | |
|---|---|
| | **Тема: Следење на постигањата на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди по полова и етничка припадност**<br><br>Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советите на предметни и Советите на одделенски наставници според претходно утврдена пишана процедура и располага со податоци за постигањата на учениците според пол,етничка припадност, наставни предмети, квалификационен период (во учебната 2018/19 и учебната 2019/2020) . Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.<br>Постигањата според полот се следат врз основа на позитивни / негативни оцени, одлични, многу добри, добри, доволни.<br>Етничката припадност не се појавува како варијабла кај постигањата на учениците по наставни предмети, но средниот успех на учениците се проследува и според еничката припадност.<br>Средниот успех на крајот на учебната година во изминатите две учебни години е 4,11 на крајот на 2018/2019 и 4,15 на крајот на 2019/2020 учебна година. При што се гледа дека средниот успех на ниво на училиште бележи тренд на покачување**.**<br><br>**Тема: Следење на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование?**<br><br>Постигањата се следат и при премин на учениците од одделенска во предметна настава за што педагошко психолошката служба има направено истражување. Направена е споредба на општиот успех во IX одд и во V одделение . Во учебната 2018/2019 година средниот успех на учениците од IX одд е 4,24, на истата генерација во V одделение во учебната 2014/2015 година средниот успех е 4,14 при што се забележува зголемување на успехот. Во учебната 2019/2020 година средниот успех на учениците од IX е 4,20, а на истата генерација во V одделение во учебната 2015/2016 е 4,17 и овде исто така се забележува зголемување на успехот на крајот на учебната година.<br><br>Училиштето ги следи постигањата на учениците и при преминот од основно во средно образование, што исто така педагошко психолошката служба има направено истражување. Во училиштето се испраќа известување во кои средни училишта нашите ученици го продолжиле своето образование и |

| | |
|---|---|
| | информации за нивните постигања во новата средина.<br><br>**Тема: Идентификација и следење на напредокот и постигањата на оние ученици кои имаат потешкотии во учењето и/или на оние со посебни потреби?**<br><br>Учениците со тешкотии во учењето, а и оние со посебни образовни потреби, најпрво се идентификуваат при опсервацијата за време на уписот во прво одделение од страна на стручна служба (прашалници во кои родителот сам укажува на проблеми со детето, мислења од Заводот за ментално здравје, лекарска потврда), а доколку подоцна се воочи проблем, се разговара со наставникот, ученикот и родителот – и се консултираат компетентни институции.<br>Групата деца со кои работи стручниот тим се формира врз основа на наод / мислење од Центарот за ментално здравје, при што се наведува и видот на попреченост. Наодите се земаат во предвид и кога се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен оперативен план за работа со овие деца или се работи со диференциран пристап.<br>Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во диференцираниот пристап. Се поттикнува инивидуален напредок според личните способности и во однос на самиот себе, без споредување на едно дете со друго. Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето и учениците со пречки во равојот ја вршат одделенските и предметните наставници, раководителот на паралелката, стручната служба и родителите. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку организирање и реализирање на редовна настава и дополнителна настава. Наставниците кои работат со ученици со посебни образовни потреби изработуваат индивидуални образовни -Програма за работа со талентирани деца; - Годишни програми за реализација на додатна настава; во соработка со дефектологот, педагошко – психолошката служба на училиштето и родителите / старателите на учениците. Во нашето училиште има надарени ученици, а начинот на нивната идентификација ја врши секој наставник во соработка со стручната служба. Во согласност со критериумите за изработка на Годишната програма на училиштето, формиран е тим за изработка на Програма за работа со талентирани деца кои се идентификуваат со изготвени инструменти – изготвени од страна на тимот и преку организирани работилници кои имаат за цел да олеснат идентификација и работа со талентирани ученици. Со надарените и талентираните ученици се работи преку моделот за организирање на додатна настава, на која се врши продлабочување на знаењата по одделни воспитно - образовни подрачја. Наставниците по секој наставен предмет имаат |

| | |
|---|---|
| | изготвено годишна програма за реализација на додатна настава по која работат во текот на учебната година Од тие ученици се селектираат најсоодветните ученици кои учествуваат во натпревари, конкурси и други активности на кои освојуваат награди, а воедно се афирмираат себеси и нашето училиште. Натпреварите на кои учествуваат ги опфаќаат речиси сите наставни предмети. Наставниците изработуваат менторски програми за работа со надарените ученици со цел успешно да ги подготвуваат за училишни натпревари и натпревари од повисок ранг. Во училиштето се следат постигањата на учениците при премин од одделенска настава во предметна настава, се анализираат причините за разликите во успехот при тој премин и се преземаат активности за нивно надминување.<br><br>**Тема: Споредување на тежинските нивоа на резултатите при интерното оценување, по различни одделенија, по наставни предмети и по пол, од една учебна година во друга**<br><br>Во училиштето не се врши интерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација, како би се селектирале најдобрите ученици кои ќе учествуваат на организираните натпревари. |
| • Дневници на паралелки<br>• Годишен извештај за успехот и постигнатите резултати<br>• Список на деца-првачиња според реонизација<br>• Евидентни листови за разговори со учениците од стручните соработници<br>• Податоции и извештаи од директор, стручна служба<br>• Известувања од МОН и ДПИ | 2.2. Задржување/осипување на учениците<br><br>**Тема: Опфат на учениците**<br><br>Училиштето има комуникација со локаланата заедница по прашањето и постои простор за уште поголема соработка.<br>Училиштето има податоци за опфатот на децата за упис во прво одделение, истакнува соопштение за почетокот и условите за уписот.<br>Училиштето ги опфаќа сите обврзници од реонот на училиштето врз основа на претходно добиен список од МВР на сите обврзници од општината. Се пронаоѓаат децата од списокот по улици и до сите родители се испраќа писмо (покана) за запишување. Уписот се врши во месец мај. Доколку родителите не ги запишат децата во предвидениот рок должни се да се јават во училиштето и да дадат изјава дека детето е запишано во друго училиште. Во спротивно комисијата за запишување на ученици во прво одделение ги посетува семејствата ја констатира состојбата и доставува податоци до ДПИ. |

| | |
|---|---|
| • Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Статут на училиште<br>• Увид од инспекциски тим<br>• Записници од средби со родители и локална самоуправа | По барање на родителите во нашето училиште можат да се запишат и првачиња кои не припаѓаат на нашиот реон, затоа што во него има капацитет за следење на настава т.е има слободни места.<br><br>**Тема : Редовност во наставата**<br><br>Систематски се следи редовноста на учениците преку евидентирање на отсуствата во одделенските дневници, на крајот на прво и трето тромесечие, на полугодие и на крај на учебната година и со истите ги запознава одделенскиот, наставничкиот и советот на родители;<br>Се анализираат причините за отсуства, се применува интерен протокол за повикување родители согласно со интерен правилник за изрекување педагошки мерки – за учениците кои имаат над 10 неоправдани и над 100 оправдани изостаноци се повикуваат родителите на советување. Училиштето презема активности за подобрување на редовноста, но, сепак, секогаш постои простор за подобрување на редовноста на учениците. Во врска со ова не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло.<br><br>Просекот на изостаноци бележи тренд на подобрување од 2018/2019 учебна година од 8,30 и во 2019/2020 учебна година паѓа на 7,66 изостаноци по ученик.<br><br>**Тема : Премин на ученици од едно училиште во друго**<br><br>Се почитува постапката за преминување од едно училиште во друго – бараме согласност од училиштето каде оди ученикот за прием и даваме согласност за оние ученици кои доаѓаат во нашето училиште. Преминот во друго училиште е документирано со преводница, а запишано е и во дневник и во матична книга;<br>Стручните соработници соработуваат, бараат информации за учениците кои доаѓаат во нашето училиште преку директни контакти со стручните соработници од училиштата од каде доаѓаат учениците .<br><br>**Тема: Осипување на учениците**<br><br>Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште ( промена на адреса , заминување во друго |

| | |
|---|---|
| | место за живеење и сл. ) е еднаков или поголем со бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште.<br><br>Според сознанијата добиени од стручната служба и одделенските раководители нема осипување на ученици(напуштање на наставата без информации каде се наоѓа ученикот). |
| • Годишен извештај за успехот и постигнатите резултати<br><br>• Закон за основно образование<br><br>• Увид во педагошка евиденција и документација<br><br>• Разговор со директор и стручна служба | 2.3. Повторување на учениците<br><br>Во училиштето се прават напори за надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето. Според членовите 69 и 70 од Законот за основното образование учениците од прво до петто одделение не можат да го повторуваат одделението, освен ако родителот инсистира на тоа. Ако ученикот не успеал да ги совлада наставните содржини од наставните предмети за конкретната учебна година од оправдни причини, по предлог на родителот или одделенскиот наставник и стручните соработници на училиштето ученикот може да остане во истото оддделение, а одлуката ја донесува Наставничкиот совет на училиштето. Ученикот кој на крајот од наставната година од третата триада има негативни оценки од два предмета се упатува на поправен испит, а основното училиште е должно да организира дополнителна настава во јуни. Ако ученикот по одржаната дополнителна настава не постигнува позитивен успех се упатува на поправен испит кој се полага во јуни и август. Ако ученикот не го положи поправниот испит по еден или двата предмети се задржува во истото одделение. Ако ученикот на крајот на наставната година од третиот период има повеќе од три негативни оценки се задржува во истото одделение. Од прво до петто одделение од деветгодишното основно образование ако ученикот покаже слаби резултати и ако подолго време отсуствува од наставата, се преведува во наредното одделение. Од шесто до деветто одделение ако ученикот подолго време неоправдано отсуствува од настава и е неоценет, таквиот ученик останува во истото одделение. Во учебната 2018/2019 година сите ученици преминале во наредно одделение и во учебната 2019/2020 година исто така.<br>*Доколку би се случило некој ученик да ја повторува годината има право да поднесе жалба, односно приговор по член 65 од Законот за основно образование.* |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ”Магдалена Антова”**

**Подрачје: Постигања на учениците**

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Прашалник за наставници**<br><br>**18 испитаници** | Маријана Димитриевска<br><br>Веса Јосифовска<br><br>Катерина Петковска<br><br>Ирена Богатиновска<br><br>Валентина Петрушевска<br><br>Елена Георгиевска | На тврдењето: Училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди: 72,2% одговориле Се согласувам, 27,8% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат: 66,7% одговориле Се согласувам, 33,3% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Ги мотивирам учениците да учествуваат на натпревари и конкурси: 88.9% одговориле Се согласувам, а 11,1% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици: 61,1% одговориле Се согласувам, 38,9% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето во текот на целата учебна година, по сите предмети, реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето или се ученици со посебни образовни потреби: 88,9% одговориле Се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласувам, 11,1% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности за зголемување на редовноста: 83,3% одговориле Се согласувам, 16,7% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Просечниот број на неоправдани отсуства се намалува и се подобрува редовноста на учениците: 72,2% одговориле Се согласувам, 27,8% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето ја практикува примената на ИКТ во секојдневниот наставен процес: 61,1% одговориле Се согласувам, 38,9% елумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето ја практикува инклузивноста, ги вклучува децата со посебни потреби во секојдневите свои активности: 83,3% одговориле Се согласувам, 16,7% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат годината: 72,2% одговориле Се согласувам, 27,8% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Задоволен сум од постигањата на учениците на писмени и контролни проверки: 27,8% одговориле Се согласувам, 72,2% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Задоволен сум од постигањата на учениците: 50% одговориле Се согласувам, 50% |

| | | |
|---|---|---|
| | | Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување на учениците, активностите кои се преземаат и правото за поднесување на жалба при повторување на учебната година: 83,3% одговориле Се согласувам, 16,2% Делумно се согласувам; |
| **Прашалник за ученици**<br><br>**20 испитаници** | | На тврдењето: Училиштето редовно ги следи моите постигања по наставни предмети и класификациони периоди: 66,66% одговориле Се согласувам, 33,33% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат: 53,33% одговориле Се согласувам, 46,66% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Наставниците ме мотивираат да учествувам на натпревари и конкурси: 33,33% одговориле Се согласувам, 66,66% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Наставниците во текот на целата учебна година, по сите предмети организираат додатна настава и ми помага да ги проширам своите знаења: 26,66% одговориле Се согласувам, 73,33% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Наставниците во текот на целата учебна година, по сите предмети, организираат дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето: 46,66% одговориле Се согласувам, 46,66% Делумно се согласувам и 6,66% |

| | | |
|---|---|---|
| | | Не се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности за зголемување на редовноста: 40% одговориле Се согласувам, 60% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Просечниот број на неоправдани отсуства се намалува и се подобрува редовноста на учениците: 53,33% одговориле Се согласувам, 46,66% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето ја практикува примената на ИКТ во секојдневниот наставен процес: 26,66% одговориле Се согласувам, 66,66% Делумно се согласувам и 6,66% Не се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето ја практикува инклузивноста, ги вклучува децата со посебни потреби во секојдневите свои активности: 66,66% одговориле Се согласувам, 33,33% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат годината: 46,66% одговориле Се согласувам, 53,33% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Редовно ги добивам резултатите од писмените и контролните проверки од наставникот: 53,33% одговориле Се согласувам, 46,66% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Задоволен сум од постигнатиот успех: 33,33% одговориле Се согласувам, 66,66% Делумно се согласувам; |

| | | |
|---|---|---|
| **Прашалник за родители**<br><br>**20 испитаници** | | На тврдењето: Училиштето редовно ме информира за постигнувањата на моето дете по наставни предмети и квалификациони периоди: 90 % одговориле Се согласувам, 10% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите ученици можат да се подобрат: 70 % одговориле Се согласувам, 30% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Наставниците ги мотивираат учениците за учество на натпревари и конкурси:40% одговориле Се согласувам, 60% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето има стратегија за идентификување на надарени ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици: 40% одговориле Се согласувам, 55% Делумно се согласувам и 5% Не се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето во текот на целата учебна година, по сите предмети, реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето или се ученици со посебни образовни потреби: 45% одговориле Се согласувам, 55% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности за зголемување на редовноста: 75% одговориле Се согласувам, 25% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Просечниот број на неоправдани |

| | | |
|---|---|---|
| | | отсуства се намалува и се подобрува редовноста на учениците: 50% одговориле Се согласувам, 50% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето ја практикува примената на ИКТ во секојдневниот наставен процес: 15% одговориле Се согласувам, 75% Делумно се согласувам и 10% Не се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето ја практикува инклузивноста, ги вклучува децата со посебни потреби во секојдневите свои активности: 90% одговориле Се согласувам, 10% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат годината: 65% одговориле Се согласувам, 35% Делумно се согласувам;<br><br>На тврдењето: Запознаен сум со постигнатите резултати на моето дете од писмени и контролни работи: 55% одговориле Се согласувам, 40% Делумно се согласувам и 5% Не се согласувам;<br><br>На тврдењето: Задоволен сум од постигнатиот успех на моето дете: 35% одговориле Се согласувам, 50% Делумно се согласувам и 15% Не се согласувам;<br><br>На тврдењето: Училиштето ме запознава со политиката за напредување на учениците, активностите кои се преземаат и правото за поднесување на жалба при повторување на учебната година: 63,33% одговориле Се согласувам, 30,00% Делумно се согласувам и 6,66% Не се согласувам; |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ"Магдалена Антова"**

**Подрачје: Постигања на учениците**

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

Училиштето соработува со родителите и редовно ги информира за постигањата и дисциплината на нивните деца по наставни предмети и квалификациони периоди

Училиштето организира додатна настава за да им овозможи на надарените ученици да ги развиваат своите потенцијали, но според добиените резултати од анкетата постои простор за поредовна реализација на додатна настава
Редовно се организира и реализира дополнителна настава за учениците кои послабо напредуваат во наставата
Соработува со други стручни служби и институции од локалната заедница
При оценувањето на учениците не се прави разлика во однос на полот и нивната етничка припадност
Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности
Редовната настава континуирано се унапредува
Во училиштето се врши евиденција на отсуство од наставата , се следи редовноста, се анализираат причините за отсуство и се преземаат активности за зголемување на редовноста, што резултира со намалување на бројот на неоправдани изостаноци .
Нема случаи на осипување на ученици од училиштето
По завршувањето на секој квалификационен период се врши споредување на успехот со претходните години
Постои соработка со родителите, стручните соработници и Заводот за ментално здравје во работата со децата со посебни потреби и училиштето ги вклучува во секојдневните свои активности.
Постои изградена политика на опфат на учениците и за тоа се преземаат соодветни активности
Континуирано следење на постигнување на ученици од различна полова, етничка припадност според наставни предмети
Добра соработка меѓу наставниците, директорот и стручната служба и нивна координирана работа.
Солиден број на одлични и задоволителни постигнувања на учениците, но секогаш постои простор за подобрување.
Опфатеност на учнците со вонннаставните активности организирани во секции и групи
Продуктивната работа од овие секции се експонира на одредени училишни манифестации и приредби, а најмногу преку ученичките натпревари на општинско, регионално и државно ниво.
Мотивирање за учество и наградување на учениците кои постигнале значајни резултати на натпревари и конкурси.

| |
|---|
| Значајни постинувања во делот на екологијата и безбедноста на учениците.<br>Подобрениот успех е резултат и на состаноците на ниво на стручни активи.<br>За постигање на учениците, родителите се редовно известувани преку родителските средби, Е-дневник и меѓусебната соработка на релација наставник – ученик – родител – стручна служба – директор. |
| **Слабости**<br><br>Слаба соработака со родителите на учениците со слаб успех<br><br>Немање на кабинетска настава.<br><br>*Недостаток на посовремени наставни и нагледни средства и практикување на ИКТ во секојдневниот наставен процес.*<br><br>*Објективното и транспарентното оценување на постигнувањата на учениците повремено и во одредени случаи се нарушува особено на крајот на учебната година кога се инсистира на подобри оценки за учениците*<br><br>*Подобрување на квалитетот на дополнителната и додатната настава* |

**Самоевалуација на училиштата:**

**Подрачје : Постигања на учениците**

| |
|---|
| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
| Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.<br>Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности.<br>Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа<br>Постигањата на децата со потешкотии во учење или со посебни образовни потреби се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во изготвените оперативни планови за работа со овие ученици.<br>Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и со посебни идентификациони листи.<br>Во училиштето не се врши интерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација.<br>Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот, истакнува соопштение за почетокот и условите за уписот, ги посетува градинките во својот реон;<br>Систематски се следи редовноста на учениците,се анализираат причините за отсуства, се применува интерен протокол за повикување родители и се врши советување на родителите.<br>Не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло за изостаноците.<br>Се почитува постапката за преминување од едно училиште во друго.<br>Бројот на ученици кои повторуваат се намалува |

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

Подобрување на соработката со родителите на учениците со слаб успех

Осовременување на наставата со употреба на современи наставни средства и помагала.

Разновидна примена на современи наставни форми и методи.

Продолжување со едукација на наставниот кадар за користење на современа информатичка и друга технологија во наставата

Примена на формативен и сумативен начин на оценување на учениците.

Охрабрување на учениците за понатамошно развивање на еко-свест

**Самоевалуација на училиштето: ООУ ,,Магдалена Антова" Куманово**

**Подрачје:Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

| Оддели во рамките на подрачјето: | Теми: |
|---|---|
| **6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**<br>**6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | **6.3 -Број на вработени и соодветност на наставниот кадар Ефективност и распоредување на кадарот**<br>**Стручната служба како подршка на наставниот кадар**<br><br>**6.4 -Професионален развој на наставниците** |

**Самоевалуација на училиштето:**

**Подрачје:Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**

| Собирање на податоци(Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар** | ***Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>***Ефективност и распоредување на кадарот**<br>***Стручната служба како подршка на наставниот кадар** |
| - Список на вработениот кадар во училиштето<br>- Увид во досиејата на вработените<br>- Увид во правилникот за систематизација<br>- Интервју со директорот, стручната служба, секретарот и со наставниците<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Програмата за работа на стручната служба<br>-Норматив за наставниот кадар од наставните планови и програми | Воспитно-образовниот процес во ООУ ,,Магдалена Антова,, Куманово го управува и раководи раководен кадар од директор(м-високо образование). Воспитно-образовниот процес го организираат и реализирааат вкупно 42 наставници, од кои 17 наставници се во одделенска настава. Одделенска настава ја реализираат вкупно 17 наставника од кои 14 се жени и 2 мажи. Од нив 11 наставника се со високо образование(11ж. и 1м.), а 5 наставника се со вишо образование(4ж. и 1м.). Во предметна настава вработени се 30 наставника(26ж. и 4м.).Од нив 27 се со високо образование(23ж. и 4м.), а 3 наставника се со вишо образование(3 ж.). Во нашето училиште дополнуваат часови и 7 наставника од други основни и средни училишта од општината.Од нив 2 се мажи и 5 се жени.Од вкупниот број наставници од други матични училишта, 3 се со вишо образование и 4 се со високо |

| | |
|---|---|
| | образование.<br>Психолошко-педагошката служба ја сочинуваат 1 педагог(ж.-високо образование)1 психолог(ж.-високо образование) и 1 дефектолог(ж.-високо образование). Во библиотека се вработени 2 наставника(2ж-високо образование).<br>Административниот кадар го сочинуваат 1 секретар(ж.-високо образование) и 1 сметководител(м.-средно образование).<br>Техничкиот кадар го сочинуваат 1 домаќин(ж.-средно образование), 1 чувар(м.-средно образование) и 4 хигиеничари(4ж).Од нив 3 се со средно образование(3ж), а 1 е со основно образование(1ж.).<br>Од интервјуто со директорот на училиштето може да се заклучи дека како најважен критериум за вработување на наставник е исполнување на условите согласно законските прописи. Директорот смета дека сите наставници ги исполнуваат условите предвидени со Законот за основно образование. При распределбата на часови, директорот води сметка таа да биде рамномерна и се води сметка сите наставници да добијат полн фонд на часови, а распределбата на работните задача се прави согласно стручната оспособеност и потребите на училиштето. Има и повремено дообучување на наставници за изведување на наставата преку семинари во зависност од потребите и можностите. За работа со учениците со потешкотии и посебни потреби оспособена е педагошко-психолошката служба заедно со дефектолог. Училиштето ги презема сите активности за ставање во функција на ИКТ опремата како на почетокот на учебната година, така и континуирано во текот на целата учебна година. Од интервјуто со секретарот на училиштето константирано е дека се почитува законот, правилниците и нормативите во врска со распоредувањето и работата на наставниот кадар.<br>Училиштето целосно е обезбедено со соодветен наставен кадар, педагошка |

| | |
|---|---|
| | служба и помошен технички персонал согласно правилникот за систематизација. За реализирање на наставен план и програмата во училиштето е обезбедено доволен број на наставници по секој предмет со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно.<br>Наставниците со подолго работно искуство им помагаат на своите помлади колеги за поуспешно реализирање на воспитно – образовниот процес.<br>Во училиштето работат следните стручните активи.<br><br>1.Стручен актив на одделенска настава<br>2.Природно- математички актив<br>3.Општествено-хуманистички стручен актив<br><br><br>Постои соработка и надополнување помеѓу наставниот кадар и административно–техничкиот персонал на училиштето. Наставниот кадар поседува низа квалификации, вештини и искуство стекнати преку разни обуки и семинари. Во училиштето вработените ги извршуваат своите работни задачи и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. Во случај на пократко и подолго отсуство на наставниот кадар училиштето обезбедува соодветна замена.<br><br>Во училиштето се вработени педагог, психолог и дефектолог кои преку индивидуалните програмски подрачја имаат планирано активности за работа со учениците, родителите и наставниците и секогаш се отворени за помош и соработка.<br><br>Постојано се следи работата на наставниците од страна на педагошко - психолошката служба и директорот преку посета на часови, увид во наставните планирања, користењето на ИКТ во наставата, изработка на наставно-нагледни средства и сл.<br>Стручната служба реализира |

| | |
|---|---|
| | Советување на родителите после секој завршен класификационен период и по извршената анализа на постигнатиот успех на учениците.<br><br>Наставниот кадар и стручната служба се вклучени во реализација на еколошката програма преку интеграција на еколошки содржини. Наставниците реализираат еко-проекти со точките на акција од девет еко-стандарди. Наставниците реализираат и интегрирани МИО - работилници на часовите, како и заеднички МИО - активности со партнер училиштето ООУ,,Фаик Коница” с.Слупчани општина Липково.Беа одржани средби во септември на тема:,,Ден на јазици” во ООУ,,Фаик Коница”с.Слупчани општина Липково, а во ООУ,,Магдалена Антова” општина Куманово, на тема ,,Другарството не зближува”. Сите планирани активности беа реализирани заедно во целост со солидна соработка од страна на СИТ тим од двете училишта.<br>Исто така учениците и наставниот кадар во соработка со родителите реализираат еколошки содржини во наставата и разновидни МИО работилници како и Еко-активности (еко-приредби, собирни акции, новогодишен или велигденски базар,велигденски хепенинг и др.) |
| **6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | *** Професионален развој на наставниците** |
| - Интерни акти<br>- Разговорите со стручната служба, наставниците и со директорот<br>- Програмата за професионален развој на наставниот кадар<br>- Извештај од самоевалуација<br>- Програма за работа на менторот и новоработениот во текот на учебната година | Училиштето ги согледува потребите на наставниците за професионално унапредување и им овозможува учество во рамки на можностите на обуки, семинари и професионални надградби во земјава . Каде што е возможно училиштето и финансиски ги покрива трошоците за тие обуки што преку сопствени средства, што преку донации. |

| | |
|---|---|
| - Листи од спроведени интерни обуки<br>-Прашалници со наставниот кадар, стручната служба и раководниот кадар | Знаењата и искуствата стекнати на ваквите обуки, секогаш се пренесуваат и на останатиот наставен кадар преку интерни обуки, дисеминации и семинари.<br>Нашето училиште ги има спроведено следниве интерни обуки за наставници:<br>-,,Јакнење на капацитетите на надлежните институции за обезбедување на ефективна заштита на жртвите на родово засновано насилство и семејно насилство, согласно истанбулска Конвенција”-Здружение за еманципација,солидарност и еднаквост на жените-ЕСЕ; Хелсиншки комитет за човекови права на РМ;UN WOMEN;-Силвана Стојковска и Емилија Стефановска-октомври 2018 год.;<br>-„Erasmus+” Transnational project meeting”-Erasmus+-Фросина Трајковска- април 2018год.;<br>-,,Насоки за користење на збирка задачи по математика од I-IXодд.”- универзитет ,,Гоце Делчев“ Штип- Фросина Трајковска-ноември 2018год.;<br>-,,Основно ниво на обука Нансен”-Training Center Nansen- Фросина Трајковска-февруари-октомври 2018год.;<br>-,,Обука за списание за деца”- универзитет Св. Кирил и Методиј“- Фросина Трајковска-јануари 2018год.;<br>-,,Е Twinning платформа”- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност- Наташа Тодоровска, Татјана Апостоловска, Емилија Стефановска јануари 2019год.;<br>-Семинар за нова наставна програма во VIодд. БРО, советник за инфроматика-Ирена Богатиновска- август 2018 год.;<br>-,,Поинаков пристап кон збирки задачи по математика и вреднување на постигањата”- МОН- Веса Јосифовска, Зорка Ѓориќ и Маријана Димитриевска-ноември 2018год. Штип ;<br>-За усовршување на професорите од основните училишта- македонско географско друштво- Данијела Антевска и Виолета Мартиновиќ- ноември 2018год.;<br>-Семинар за програма по граѓанско образование- МОН- Стефан Петковски-ноември 2018год.;<br>- ,,Предизвик за млади истражувачи”- |

| | |
|---|---|
| | МОН, Фонд за иновации и технолошки развој- Елена Кипријановска јуни 2018год.;<br>-,,Техника за учење”- МОН, БРО- Оливера Трајковска- јуни 2018год.;<br>-,,Вештини за адолесценти- МОН, општина Куманово- Емилија Стефановска и Силвана Стојковска”- декември 2018год.;<br>-Обука за физичко и здравствено образование за тандемска настава помеѓу одделенија, наставник од I одд.и предметен наставник како партнер во реализација на наставата- БРО- Љубинка Стојмановска, Катерина Петковска, Снежанка Атанасовска и Филип Миленковски- септември 2020год.;<br>-Онлајн курс ,,Инклузивно образование“- БРО и МОН- Катерина Петковска,Љубинка Стојмановска, Снежанка Атанасовска, Фросина Трајковска, Владанка Симоновска, Елена Георгиевска, Валентина Петрушевска, Сузана Ивановска, Биљана Коцевска,Зинка петковиќ, Ирена Богатиновска, Зорка Ѓориќ, Чедомир Спасовски, Марјан Анѓеловски, Оливера Јовановски, Ненад Ѓорѓиевски, Оливера Трајковска, Зорица Спиридоновска, Александра К.Денковиќ, Веса Јосифовска, Маријана Димитријевска, Ана С.Петровска, Александра Јакимовска, Вера Тодоровска, Данијела Антевска, Виолета Мартиновиќ, Ивона Д.Трајковска, Татјана Апостоловска, Сандра Јовановска, Марија Цветановска, Тања Младеновиќ, Стефан петковски, Александра Додевски, Емилија Стефановска, Сања Алексиќ, Силвана Стојковска, Никола Стојмановски, Светлана Стојановска, Драгана Марковска, Александра К. Денковиќ, Наташа Златковска, Наташа Бојческа, Наташа Тодоровска,- декември/јануари 2019/20год.;<br>-,,Педијатарска Прва Помош”- Link Across- Фросина Трајковска и Наташа Тодоровска- октомври 2019год.”<br>-,,Оценување“- МОН- Биљана Коцевска октомври 2019год.;<br>-,,Практикум :методи на предавање на рускиот јазик,ИКТ ресурси”. ,,Руски јазик и култура, современи тенденции во |

| | |
|---|---|
| | методиката на предавање". ,,Оценување"- Россотрунисто Московски педагошки центар МОН- БИљана Коцевска- октомври 2019, октомври/ноември 2019, јануари 2020год.;<br>-Microbit basics cours-online"- британски Совет- Ирена Богатиновска, Оливера Јовановски, Маријана Димитриевска, Виолета Мартиновиќ, Ивона Д.Трајковска, Мима Костиќ- август 2019год.;<br>-,,Критичко размислување и решавање проблеми –кодирање со уредот Микро бит"- британски Совет- Ирена Богатиновска, Оливера Јовановски, Маријана Димитриевска, Виолета Мартиновиќ, Ивона Д.Трајковска, Мима Костиќ- март-јуни 2019год.;<br>-,,Семинар за нова наставна програма по наставен предмет информатика за VIIодд."- МОН и БРО- Ирена Богатиновска-август 2019год.;<br>-,,Нова наставна програма по музичко образование"- ЗМП- Оливера Трајковска август во Куманово, а септември во Охрид 2019год.;<br>-,,Семинар за усовршување на професори и наставници по географија"-македонско географско друштво- Данијела Антевска и Виолета Мартиновиќ- декември 2019год.;<br>-,,Онлајн настава –МС TEAMS"- МОН и БРО- Чедомир Спасовски, Светлана Стојановска, Сандра Јовановска и Маријана Димитриевска- април 2020год.;<br>-,,Користење (употреба на смарт телевизори)"- ООУ,,Крсте Мисирков" Мима Костиќ- декември 2019год.;<br>-,,Семинар за обука по физичко и здравствено образование за тандемска настава помеѓу одделенија, и предметен наставник како партнер во реализација на наставата"- БРО- - Филип Миленковски и Љубинка Стојмановска, Катерина Петковска, Снежанка Атанасовска - септември 2019год.;<br><br>На сите нововработени наставници – приправници им се доделува ментор кој ја следи и потпомага нивната работа и стекнување на искуство.<br>На наставниците кои внесуваат |

| | |
|---|---|
| | иновации во работата и го подобруваат училишниот дух им се доделуваат интерни признанија и пофалници.<br>Во рамките на подобрување на ефективноста и креативноста на работата, наставниот кадар ажурира портфолија за професионален развој.<br><br>Како резутат на спроведената анкета во форма на прашалници за наставниот кадар, стручната служба и раководниот кадар (вкупно 30 испитаници) добиени се следниве податоци:<br>на прашањето **Дали ми се познати законите и правилниците поврзани со воспитно-образовниот процес?-** со *да* одговориле 82,75 %, *негативно* – 10,34 %, а *недоволно* или *делумно* - 6,89 %.<br>**Дали доволно сум запознаен со новите реформи поврзани со воспитно-образовното работење?-** со *да* одговориле 62,06%, со *не*-34,48%, а *делумно* е одговорот на 3,44%.<br>**Дали мислите дека сте подготвени за работа во инклузивни паралелки?-** со *да* одговориле 3,44%, со *не*-96.55%.<br>**Дали сметате дека икт наставта допридонесува за унапредување на воспитно-образовниот процес?-**сите од испитаниците одговориле позитивно.<br>**Дали сакам професионално да напредувам?-** *да*-96, 55%, а 3,44% немаат желба за понатамошно усовршување.<br>**Колку ги посетувам семинарите и другите облици напрофесионален развој организирани надвор од училиштето?-** со *да* одговориле 48,27%, со *не* – 6,89%, а 44,82% ги навеле следниве одговори: *не често секогаш кога ќе ме поканат, кога-како, понекогаш, недоволно.*<br>**За време на реализација на наставните содржини, дали вршите меѓупредметно поврзување со наставните содржини со други сродни предмети(теми)?-** *да*-93,10%, *не*-3,44%, а *многу ретко* е одговорот на 3,44%.<br>**Дали се трудите да ги вклучите и учениците како ваши асистенти при** |

| | |
|---|---|
| | **реализација на наставниот материјал?-** 93,10% одговориле *да*, 3,44%-*не,а* 3,44% одговориле *понекогаш, поголема одговорност и посветеност на учениците.*<br>**Врз основа на вашето досегашно искуство во воспитно-образовното работење може ли да ги истакнете слабостите од фонталниот начин на работа со учениците и врз основа на што го заклучувате тоа?-**со *да* одговориле 34,48%, со *не*-20,68%, а 44,82% од испитаниците одговориле: *поголем ефект се постигнува кога учениците активно учесвуваат, работа со подобри ученици, недоволна ангажираност на учениците, потребна е меѓусебна активност, помала креативност и истрајност во работата, учење на памет, готови информации кои лесно се заборавааат, тешко одржување на концентрацијата и вниманието, демотивираност повратната информација не е детална, се ова се заклучува преку комуникација ,дискусија и презентација.*<br>Од анализа на презентираните мислења и податоци на анкетираните наставници, раководниот кадар и стручната служба, може да се заклучи дека постои голем интерес за усовршување, напредување и професионално развивање на вработените. |
| **Јаки страни**<br><br>- Училиштето има соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес и наставниот кадар е во согласност со нормативите.<br><br>-Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата,следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање помош на учениците.<br>Стручната служба ја реализира програмата „ Советување на родители“, како и советодавни работилници за работа со ученици, родители и наставници. | |

| | |
|---|---|
| -Дисеминации на обуките.<br><br>-Училиштето има внатрешни механизми за оддавање на признанија на наставниот кадар.<br><br>-Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.<br><br>- Во училиштето се следи работата на наставниците - приправници.<br><br>- Се врши размена на искуства преку примери на добра пракса со отворени нагледни часови.<br><br>- Наставниците имаат поддршка во нивното стручно усовршување зашто е изготвена и програма за професионален развој.<br>-Училиштето ги следи новините за професионален развој дадени од МОН и БРО | |
| **Слаби страни– слабости**<br><br>- Наставниците имаат потреба од постојано усовршување преку обуки,семинари.<br><br>¬Обука на наставници за работа со деца со потешкотии и посебни потреби.<br><br>- Недостаток на кабинетна настава во училиштето.<br><br>- Лични планови на наставниците за професионален развој (Личен професионален развој). | |

**Анализа на резултатите:**

Во нашето училиште наставниот кадар е стручен и соодветен, а на приправниците им се дава соодветна помош.
Дефектологот заедно со педагошко –психолошката служба работи со учениците со посебни потреби.
Наставните средства се застарени и искористени и наставниците имаат поголема потреба од нивно обновување и дополнување.
Училиштето функционира во една зграда и има еден кабинет по информатика. Имаме недостиг од кабинети по наставните предмети
хемија, физика,биологија и кабинет за странски јазици. Недостасуваат простории за повеќе намени,за индивидуални разговори со ученици и родители кои треба да бидат дискретни.
Во училиштето се тргнува од идентификување на проблемите на наставниците за професионален развој и нивно доусовршување.Училиштето ја почитуваат законската

регулатива за професионален развој на кадарот и наставниот кадар има наставни портфолија.

**Идни активности:**

Наставниците имаат потрба од повеќе обуки (посебно во предметна настава),семинари и работилници со цел подобрување,збогатување на наставниот процес.

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје:** **Управување и раководење со училиштето**

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:** Управување и раководење со училиштето

Теми:

Управување со училиштето

Раководење со училиштето

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје:**

**Управување и раководење со училиштето**

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Закон за Основно образование<br><br>Статут на училиштето<br><br>Деловник за работа на УО<br><br>Решенија за членови на УО и Директор<br><br>Закон за работни односи<br><br>Решенија, одлуки, донесени акти<br><br>Годишна програма на училиштето<br><br>Записници од одржани состаноци на УО<br><br>Записници и извештаи од одржани состаноци на Совет на родители</td><td>Со училиштето управува Училишниот Одбор и помеѓу членовите има правична застапеност на полови и на различни општествени групи. (прилог – табела)
<table>
<tr><th colspan="8">У Ч И Л И Ш Е Н  О Д Б О Р</th></tr>
<tr><th colspan="3">пол</th><th colspan="5">општествени структури</th></tr>
<tr><td>м</td><td>ж</td><td>се</td><td>наставници</td><td>родители</td><td>локална власт</td><td>централна власт</td><td>се</td></tr>
<tr><td>4</td><td>3</td><td>7</td><td>3</td><td>3</td><td>1</td><td>0</td><td>7</td></tr>
</table>
<br>Членови на Училишен Одбор се:
<ol>
<li>Дане Стојковски– претседател на Училишен Одбор - родител</li>
<li>Данијела Антевска – наставник</li>
<li>Марјан Анѓеловски - наставник</li>
<li>Стое Каранфиловски-наставник</li>
<li>Слаѓан Стефановски– локална власт</li>
<li>Драгана Спасовска – родител</li>
<li>Фросина Додевска-родител</li>
</ol>
<br>Членовите се делегирани согласно законската регулатива од:<br><br>-Наставничкиот Совет на училиштето;<br><br>-Советот на родители во училиштето;<br><br>-Локалната Власт;<br><br>-МОН<br><br>Претседател на УО е Дане Стојковски-родител..<br><br>Сите надлежности и административни задачи на Училишниот одбор се во согласност со законските. Редовно се одржуваат состаноци на овие структури и тоа во согласност со потребите кои се тесно поврзани со активностите во училиштето. За присуството се грижат Претседателот на УО и Директорот.<br>Сите донесени одлуки, решенија и акти се со јасен консензус и</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Записници и извештаи од одржани состаноци на Стручни активи<br><br>Записници од состаноци на Ученичката заедница на училиштето<br><br>Одделенски дневници<br><br>Записници од увиди на работењето во училиштето од страна на Директорот | за нив гаранција е потребниот кворум за работа. Сите субјекти во училиштето целосно и редовно се известени за работата на овие структури, а донесените решенија, одлуки и акти доследно се спроведуваат. |
| | Раководење со училиштето<br><br>(менаџерски нивоа – директор, претседатели на стручни активи, одделенски / класни раководители) |
| | Со училиштето раководи и менаџира Директорот на училиштето Жарко Димитријевиќ.<br>Директорот на училиштето изготвува развоен план за училиштето. Исто така Директорот заедно со стручните соработници и наставниците, изработуваат Годишна програма за работа на училиштето. |
| | Во раководењето со училиштето учествуваат и наставниците преку активностите на стручните активи . Тие се :<br>1.Стручен актив на одделенска настава<br><br>2.Стручен актив на природно - математичка група предмети<br><br>3.Стручен актив на општествено - јазична група предмети<br><br>Претседател на Стручниот Актив на одделенските наставници е Елена Георгиевска /одд. наставник.<br><br>Претседател на Активот на Природно математичката група предмети е Маријана Димитриевска – предметен наставник по математика.<br><br>Претседател на Активот на Општествено јазичната група предмети е Тања Младеновиќ -предметен наставник по македонски јазик.<br><br>Од состаноците на Стручните Активи произлегуваат иницијативи, предлози и заклучоци кои се рефлектираат во останатите сегменти од раководењето. Стручните Активите предлагаат до Наставничкиот Совет, наставници за членови за УО кои покажале квалитет и резултати во работењето.<br><br>Придонес во раководењето има и Советот на родители на чии состаноци се разгледуваат и разменуваат информации и иницијативи за успешно реализирање на основната дејност на училиштето.<br>Ученичката заедница составена од претставници на учениците од сите паралелки редовно одржува состаноци на кои се изнесуваат мислења, идеи и иницијативи за подобрување на квалитетот во образовно - воспитниот процес, а воедно преку |

| | |
|---|---|
| | членовите на УЗ редовно се известуваат на директен начин и останатите ученици за превземените активности. |

Учесници во раководењето се и сите одделенски раководители на паралелките од одделенска и од предметна настава. Тие се :

| | | |
|---|---|---|
| 1. Снежанка Атанасовска – I а | 2. Љубинка Стојмановска – I б | 3. Катерина Петковска – I в |
| 5. Ненад Стојановски – II а | 6. Марија Стојковска- II б | Наташа Тодоровска- IIв |
| 9.Нада Станковска - III б | 10.Стое Каранфиловски- III в | 11.Владанка Симоновска- III |
| 13. Маргица Димитријевиќ – IV б | 14. Славица Цветановска- IV в | 15. Светлана Додевска – V а |
| 17. Анета Јовановиќ –V в | 18. Оливера Јовановски –VI а | 19. Веса Јосифовска – VI б |
| 21. Чедомир Спасовски – VI г | 22.Живко Стојковски –VII а | 23. Ирена Богатиновска –VII |
| 25. Светлана Стојановска –VII г | 26.Валентина Петрушевска – VIII а | 27. Марјан Анѓеловски –VIIIб |
| 29.Вера Тодоровска –VIII г | 30. Данијела Антевска – IX а | 31. Оливера Трајковска –IX б |

33. Тања Младеновиќ – IX г

**Самоевалуација на училиштето: Подрачје: Управување и раководење со училиштето**

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| Прашалник за наставници | Виолета Мартиновиќ<br>Анета Јовановиќ<br>Славица Цветановска<br>Светлана Додевска<br>Чедомир Спасовска<br>Наташа Тодоровска<br>Живко Стојковски | Прашалникот го пополнија 14 наставници.<br>На тврдењето: Постои добра комуникација помеѓу вработените и раководството на училиштето 8 наставници 57% одговориле со потполно се согласувам, 4 или 28 % додека 2 наставника или 15% одговориле не се согласувам.<br>На тврдењето спроведувам интеграција на еко стандарди во наставата 4 наставници или 28% со потполно се согласувам и 9 наставника или 65% со се согласувам и 1 наставник или 7 % не се согласувам.<br>На тврдењето редовен сум на состаноците во наставничкиот совет и други структури во кои сум именуван 7 наставника или 50% одговориле одговориле со потполно се согласувам и 5 наставника или 35% со се согласувам и 2 наставника или 15 % не се согласувам.<br>На тврдењето персоналот е редовно информиран за училишниот буџет и трошоците 8 наставника одговориле со потполно се согласувам или 57%, 6 наставника одговориле со се согласувам или 43%.<br>На тврдењето набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на училиштето 3 наставника 22% потполно се согласувам, 10 наставника 71% се согласувам,1 наставника 7% со не се согласувам.<br>На тврдењето ”Училиштето доследно и без исклучоци ги применува актите за дисциплинските мерки” 7 наставника или 50% одговориле со потполно се согласувам, 6 (43%) се согласувам,1 (7%) не се согласувам.<br>На тврдењето ”Вработените активно учествуваат во креирањето и вклучувањето на еколошкото образование и заштита на животната средина” 8 (57%)одговориле со потполно се согласувам и 5 (36%) се согласувам и 1 наставник (7 %) не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласувам.<br>На тврдењето “Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот” 7 (50%) одговориле потполно се согласувам, 6(43%) се согласувам и 1 (7%) не се согласувам.<br>На тврдењето ”Училиштето,според потреба, интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето 9 (65%) одговориле потполно се согласувам, 4 (28%) се согласувам и 1 (7%) не се согласувам.<br>На тврдењето ”Имам можност да учествувам во процесот на донесување на одлуки” одговориле 6 (43%) потполно се согласувам, 18 (57%) се согласувам . На тврдењето ”Одлуките што ги носи училишниот одбор се објективни и транспарентни” одговориле 9 (65%) потполно се согласувам, 4 (28%) се согласувам и 1 (7%) не се согласувам. |
| Прашалник за училишен одбор | Виолета Мартиновиќ<br>Анета Јовановиќ<br>Славица Цветановска<br>Светлана Додевска<br>Чедомир Спасовска<br>Наташа Тодоровска<br>Живко Стојковски | Прашалникот го пополнија 7 члена на училишен одбор.<br>Од вкупно 7 члена на училишен одбор на прашањето “Дали вработувањето се спроведува правилно без некои притисоци од страна” 7 члена (100%) одговориле со сосема точно.<br>На тврдењето “Дали задолженијата (наставата и воннаставната активности) правилно се расподелени 7 члена (100%) одговориле со сосема точно.<br>На тврдењето дали е еднаква половата застапеност на вработените 6 члена или 75 % одговориле со сосема точно, 1 члена или 25% со точно во најголем дел.<br>На тврдењето колку училишниот одбор има увиди, влијаниија во целокупната работа на училиштето 7 члена или 100% одоговориле со сосема точно. |
| | Виолета | Прашалникот го пополнија 18 родители.<br>Од нив на тврдењето: “Во училиштето во кое што учи вашето дете постојат добри стандарди за однесување” 10 родители (55 % ) одговориле потполно се согласувам, 8 родители (45 %) се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за родители | Мартиновиќ<br><br>Анета Јовановиќ<br><br>Славица Цветановска<br><br>Светлана Додевска<br><br>Чедомир Спасовска<br><br>Наташа Тодоровска<br><br>Живко Стојковски | На прашањето ”Дали се корисни родителските средби” 8 (45%) родители одговориле потполно се согласувам и 9 родители (50%) се согласувам и 1 родител ( 5% ) не се согласувам.<br><br>На прашањето “Дали вашето дете посветува внимание на животната средина” 11 (61 %) проценти одговориле со потполно се согласувам, 7 (39%) родители се согласувам .<br><br>На прашањето дали на вашето дете давате примери за чиста еколошка средина 10 родители (55 %) одговориле со потполно се согласувам, 7 (40%) се согласувам,1 родител (5%) не се согласувам.<br><br>На прашањето дали еколошкото образование во доволна мера е застапено во образованието”11 родители (61 %) потполно се согласувам, 5 (28 %) се согласувам, 2 родители (11%) не се согласувам.<br><br>На прашањето “дали вашето дете го дава максимумот за постигнување на посакуваните цели” 8 родители (45%) потполно се согласувам, 10 (55%) родители се согласувам. |
| Интервју со директорот | Виолета Мартиновиќ<br><br>Анета Јовановиќ<br><br>Славица Цветановска<br><br>Светлана Додевска<br><br>Чедомир Спасовска<br><br>Наташа Тодоровска<br><br>Живко Стојковски | На прашањето: “ Кој е одговорен за годишното планирање и дали постојат активности за долгорочно планирање во училиштето?“ - директорот одговори дека годишното планирање редовно се изготвува. Одговорен за изготвување на годишната програма за работа на училиштето е директорот, а во истата земаат учество стручните соработници, одговорните наставници на стручните активи, училишните организации и др. Посебен акцент се става на планирањето на активностите од компонентите на новите проекти и изготвување на акциони планови за истите. Изработен е развоен план кој во најголем дел е реализиран. Се изработуваат долгорочни и годишни планови и програми за потребните инфраструктурни зафати во училиштето, како и програми за соработка со локалната средина. |

**Самоевалуација на училиштето: Подрачје: Управување и раководење со училиштето**

| |
|---|
| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
| Клучни јаки страни<br><br>• При раководењето во училиштето целосно се почитува законот за Работни односи и Статутот на училиштето<br>• При донесување на одлуки и решенија најчесто постои јасен консензус<br>• Доследно и навремено се спроведуваат донесените решенија и одлуки<br>• При изготвување на Планот за развој и Годишната програма за работа на училиштето се земаат во предвид материјално техничките, финансиските и човечките ресурси со кои располага училиштето, како и добиените резултати од спроведенета самоевалуација на училиштето<br>• |
| Слабости<br><br>• Половата застапеност на вработените е нееднаква<br>• Недоволна вклученост на родителите со нивни сугестии при донесување на важни решенија и одлуки во училиштето |

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Со училиштето раководат Училишниот Одбор и Директорот. Во овие структури правично се застапени членовите од двата пола, а исто така и општествените структури за кои училиштето обезбедува услуги. Сите надлежности и задачи во врска со раководењето јасно се дефинирани и се во согласност со законските прописи. Постои соработка меѓу раководниот тим која се реализира преку редовни состаноци на кои се работи со потребен кворум и се донесуваат одлуки, решенија и акти во согласност со законските прописи и статутот на училиштето. Работата е транспарентна, информациите од состаноците се објавуваат на огласна табла во училиштето, а донесените одлуки секогаш доследно се спроведуваат. За редовноста и присуството на состаноците се грижи претседателот на Училишниот Одбор и директорот на училиштето.

Во раководењето со училиштето учествуваат и наставниците преку активностите на три стручни активи: Стручен актив на одделенска настава, Стручен актив на природно - математичка група предмети и Стручен актив на општествено - јазична група предмети. Придонес во раководењето имаат и Советот на родители, Ученичката заедница составена од претставници на учениците од сите паралелки како и сите одделенски раководители на паралелките од одделенска и од предметна настава. Од сите овие структури произлегуваат иницијативи, предлози и заклучоци кои се рефлектираат во останатите сегменти од раководењето .Во училиштето постои интерен документ за правата и одговорностите на учениците и Правилник за изрекување педагошки мерки кој доследно се почитува.

Училишната политика се креира преку активно учество на сите субјекти при изработката на планови и програми за сите наставни и воннаставни активности кои се дел од годишната програма на училиштето. Родителите и учениците за овие активности се известуваат преку состаноците на Советот на родители и Ученичката заедница на училиштето.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

Активно вклучување на родителите - членови на Советот на родители во работата и животот на училиштето

Половата застапеност на вработените да е еднаква

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Магдалена Антова“ Карпош- Куманово**

**Подрачје 5. КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**Оддели во рамките на подрачјето:**

Индикатори:

1. Комуникации на ниво на училиште: 1.1 Комуникација директор- вработен

1.2 Комуникација стручен соработник- наставник

1.3 Комуникација наставник- наставник

1.4 Комуникација наставник/ стручен соработник со административно- технички персонал

1.5 Комуникација на состаноците на Наставничкиот совет, одделенските совети и стручните активи

2. Комуникации на ниво на училница: 2.1 Комуникација наставник- ученик

2.2 Комуникација ученик- ученик

2.3 Комуникација стручен соработник- ученик

3. Комуникации со окружувањето на училиште: 3.1Комуникација со родителите на учениците

3.2 Комуникација со институции од централно ниво:МОН; БРО; ДПИ

3.3 Комуникација со институциите од Локалната самоуправа

3.4 Комуникација со други образовни институции во РМ и странство

3.5 Комуникација со граѓански здруженија и донатори

3.6 Комуникација со бизнис сектор

1. **Комуникации на ниво на училиште**

*1.1 Комуникација директор - вработен*

Комуникацијата помеѓу директорот со наставниците се реализира преку училишен тим, Наставнички совет, стручни активи и индивидуални средби. Вработените редовно се информираат за превземените активности од страна на директорот и имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритети. Комуникацијата се одвива преку следење, анализирање, информирање, координирање, пофалување, и заедничко решавање на прашањата во однос на сите подрачја.

*1.2 Комуникација стручен соработник - наставник*

Комуникацијата помеѓу стручен соработник и наставник се одвива преку давање помош и насоки за изготвување на годишните, тематските и дневните планирања од страна на стручниот соработник, преку Наставнички совети и стручни активи. Наставникот добива подршка при реализација на дополнителна, додатна настава и вонаставни активности, индивидуални разговори, проекти, семинари, посета на часови, помош на приправници како и преку заедничко работење со стручните тимови во училиштето. Целта на комуникацијата на стручниот соработник со наставниците и родителите е постигнување на резултати, соработка и пријателски однос.

*1.3 Комуникација наставник - наставник*

Повеќето од наставниците соработуваат меѓу себе од иста или различна група на предмети. Комуникација на наставниците е преку размена на искуства и идеи на ниво на стручни активи, дисеминација по спроведени обуки на ниво на училиште и се остварува соработката со наставниците од други училишта посебно со партнер училиштето за реализирање на активностите од проектот МИО.

*1.4 Комуникација наставник/ стручен соработник со административно - технички персонал*

Соработката помеѓу наставникот/ стручниот соработник и административно техничкиот персонал се остварува со навремени информации за законските измени кои се од интерес на вработените и достапност до информации за непречено реализирање на работните обврски. Се врши постојано сервисирање на опремата и наставните средства а се води и грижа за хигената во училиштето.

*1.5 Комуникација на состаноците на Наставничкиот совет, одделенските совети и стручните активи*

Редовно се одржуваат планираните состаноци на кој се даваат предлози за подобрување и дополнување на наставните планови и програми и за подобрување на севкупното работење на училиштето.

Состаноците на паралелката се одржуваат согласно предвидената динамика во годишната програма за работа на училиштето.Од страна на наставниците се даваат предлози за подобрување на наставниот процес, се вршат редовни анализи на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците, и се даваат предлози за подобрување на постигањата на редовноста и дисциплината на учениците.

Се даваат предлози за подобрување на планирањата на часовите, примена на нови форми и методи и техники на учење. Се даваат предлози за меѓупредметна интеграција, за поголема примена на ИКТ.

Стручните активи превземаат активности за подобрување на наставата и оценувањето на учениците и се превземаат активности за планирање на часови и вонаставни активности за МИО.

## 2. Комуникации на ниво на училница

*2.1 Комуникација наставник- ученик*

Постои соработка помеѓу наставниците и учениците, добра комуникација со учениците, еднаков приод и взаемна почит. За време на часовите се превземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа со давање на постојана усна и пишана повратна информација за постигање на учениците. Наставниците редовно даваат поддршка на учениците со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии.

*2.2 Комуникација ученик- ученик*

На транспарентен и демократски начин се врши избор на претставниците во ученичките заедници. Делумно постои меѓусебна соработка за помош при совладување на одредени наставни содржини и помош на ученици од социјално ранливите категории и друг вид на проблеми. Воглавно се организираат работилници и активности за почитување на различностите.

*2.3 Комуникација стручен соработник- ученик*

Учениците делумно се информирани за дејноста што стручниот соработник ја извршува во училиштето.

Учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник доколку се соочат со било каков проблем. Стручниот соработник дава информации и спроведува активности при професионална ориентација како и ги информира за нивните права и обврски како и активности кои ги планира училиштето. За подобрување на успехот редовноста и дисциплината стручниот соработник редовно организира советување за учениците.

## 3. Комуникација со окружувањето на училиште

### *3.1 Комуникација со родителите на учениците*

Училиштето активно комуницира со родителите преку родителски средби, Совет на родители, работилници и проекти и организирање на посети надвор од училиштето.

### *3.2 Комуникација со институции од централно ниво: МОН; БРО; ДПИ*

Училиштето има континуирана соработка со релевантните инстиуции од областа на воспитно – образовната дејност преку посетување на семинари, обуки и проекти со цел за подобрување на стручноста и способностите на наставниот кадар, како и семинари за развој на професионалноста на наставникот и обуки за измени на наставните планови и програми, организирани од МОН и БРО.

Соработката со ДПИ се остварува преку редовните контроли од страна на просветните инспектори за воспитно - образовната работа во училиштето и педагошка евиденција и документација, активната настава, користењето на ИКТ содржини во наставниот процес и редовното водење на е-дневникот.

### *3.3 Комуникација со институциите од Локалната самоуправа*

Комуникацијата на училиштето со Градоначалникот и Советот на општината се остварува преку членовите на Училишниот одбор кој се избрани од Советот на општината, и преку секторот за образование во општината.

Соработката со локалната самоуправа може да биде преку реализирање на проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето.

Комуникацијата на училиштето со јавните установи се остварува преку проекти кои се значајни за подобрување за условите за работа на училиштето. Училиштето соработува со јавни установи во област од здравствена и хуманитарана дејност и детските градинки во општината.

### *3.4 Комуникација со други образовни институции во Република Северна Македонија и странство*

Училиштето има потпишано Меморандум за соработка и заеднички активности со ООУ „Фаик

Коница“, с. Слупчане, Општина Липково во рамките на проектот за МИО.

*3.5 Комуникација со граѓански здруженија и донатори*

Училиштето делумно остварува комуникација со граѓански здруженија и донатори при реализација на одредени проекти.

*3.6 Комуникација со бизнис сектор*

Комуникацијата со донаторите во училиштето делумно ги задоволува потребите, поради што училиштето треба да проектира добра политика во однос на оваа област.

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Магдалена Антова“ Карпош- Куманово**

**Подрачје 5. КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| Записниици од Наставнички<br><br>совети | ***Индикатор за квалитет:***<br><br>***5.1*: Комуниукации на ниво на училиште**<br><br>Во училиштето редовно и навремено се одржуваат состаноци за нормално функционирање на работата на училиштето. На истите се расправа за актуелни тековни проблеми (распределба на часови, одделенски раководства, разгледување на полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето, како и многу други тековни работи) |
| Записници од Одделенски<br><br>совети | Одделенските совети се одржуваат редовно пред секоја родителска средба (по два пати во едно полугодие) и по потреба вонредно од горенаведените периоди. На одделенските совети, одделенските раководители ги изнесуваат успехот и редовноста на учениците. Наставниците заеднички дискутираат одделни случаи по потреба, донесуваат заклучоци и утврдуваат следни чекори за дејствување, исто така се утврдува и успехот на учениците кои биле упатени на продолжителна настава. |
| Записници од стручни активи | Стручните активи се состануваат според предвидената динамика, разгледуваат актуелни прашања, споделуваат искуства од посетени обуки, семинари и разменуваат мислења. За одржувањето и работата на стручните активи редовно се водат записници кои се достапни кај претседателите на активите.<br><br>На ниво на училиште постојат поголем број на тимови кои дејствуваат на различни полиња, секој според својата цел и намена.<br><br>- Тим за самоевалуација<br><br>- Тим за меѓуетничка интеграција<br><br>- Тим за изготвување на годишната програма на училиштето<br><br>- Тим за изготвување на програмата за екскурзија<br><br>- ЕКО одбор |
| Евиденција од посетени часови<br><br>од страна на | Секој наставник се труди да воспостави позитивна двонасочна комуникација, односно комуникација наставник - ученик. Наставниците ги поттикнуваат учениците да го искажат своето |

| | |
|---|---|
| директорот<br>Годишен извештај за работата на<br>училиштето<br>Записници од извршени посети<br>од страна на компетентни лица<br>од БРО и ДПИ<br>Списоци на ученици кои<br>учествуваат во проекти | мислење, ги мотивираат за повисоки постигнувања, подеднакво се однесуваат спрема женските и машките ученици, ја набљудуваат работата на учениците и им помагаат доколку има потреба за тоа. Наставниците користат вербална и невербалмна комуникација со учениците. Вербалната се состои во тоа да тие со зборови го одобруваат кажаното од страна на учениците, ги дополнуваат вербално или преку преформулација на прашаањето се трудат да ги мотивираат учениците да дојдат до правилното решение или одговор, додека невербалната комуникација се состои и се применува со климање со глава, одмавнивање, со блага гестикулација и сл.<br><br>Во училиштето комуникацијата ученик-ученик можеме да кажеме дека е на солидно ниво. Учениците работат во групи по дадени упатства од наставникот, соработуваат, се надополнуваат, заеднички се договараат за презентација, ги почитуваат правилата во групата и во училницата. Комуникацијата ученик-ученик продолжува и надвор од рамките на училиштето, при изработка на зададени проекти од страна на наставниците. |
| Примероци од склучени<br>договори<br>Списоци на осигурени ученици | ***Индикатор за квалитет***<br><br>***5.3:* Комуникација со окружувањето на училиштето**<br><br>- Комуникацијата со МОН на ниво на нашата општина се одвива преку одговорниот соработник за образование Жика Крстевски. Сите побарувања од страна на МОН се исполнуваат навремено и потребите податоци се испраќаат во дадените рокови, од страна на психологот на училиштето и директорот.<br><br>- Комуникацијата со БРО е позитивна и се одвива според потребите и побарувањата. Интензивно се соработува околу учебниците и сите обврски околу приемот и употребата на истите. Организираните семинари или обуки од страна на БРО се редовно посетени од наставниците кои се цел на истите или пак од стручната служба и директорот, во зависност од темите.<br><br>- Нашето училиште го посетуваат и претставници од ДПИ како инспекторот Томе Стојанов и при таквите посети оствaруваме позитивна комуникација.<br><br>Инспекторот посетува часови на одделни наставници, дава повратна информација за впечатоците, и по потреба упатства ако треба некаде да се дејствува. Податоците и документите кои се побарани се секогаш дадени на увид од директорот, психологот, педагогот или секретарот на училиштето.<br><br>- Комуникацијата со локалната самоуправа се остварува преку |

| | |
|---|---|
| | разни состаноци на директорот и членови на локалната самоуправа. Се соработува во разгледување и усвојување на Годишната програма на училиштето, на почетокот на учебната година па до разгледување и решавање на тековни проблеми од интерес на училиштето, во тек на целата година. По потреба и претставници на локалната самоуправа учествуваат на состаноци во училиштето. Тука учествуваат разни наставници или стручната служба и директорот и по потреба инволвираните посетуваат семинари и исполуваат обврски кои произлегуваат од таквата соработка.<br><br>Што се однесува до бизнис секторот имаме комуникација на разни полиња:<br><br>- „Дема 5“ како туристичка агенција и најдобар понудувач, организира екскурзии за учениците кои беа спроведени во соработка со наставниците во учебната 2018/2019 година, додека во учебната 2019/2020 година  од планираните екскурзии се реализираше само еднодневната екскурзија во Пелинце, додека преостанатите екскурзии останаа нереализирани поради пандемијата со КОВИД 19.<br><br>- „Штуз“ и „Оли травел“ остваруваат соработка со училиштето како превезувачи на ученици.<br><br>- „Просветно Дело“ има склучено договор со нашето училиште за набавки на потрошни и канцелариски материјали<br><br>- „Еуро линк- Скопје“ ги прави осигурителните полиси за нашите ученици, а наставниците се осигурани преку осигурителната компанија „Кјуби„.<br><br>- За исхрана на учениците, училиштето соработува со фирмата „Златен клас„, која навремено ги доставува избраните пецива за учениците од прво одделение.<br><br>Се учествува на прослави и програми, училишен патронат, се промовира нашата традиција и култура. Учениците и наставниците споделуваат и разменуваат искуства и соработуваат на секое поле. |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Магдалена Антова“ Карпош- Куманово**

**Подрачје 5. КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|---|
| Разговор со директорот<br>(наставнички совет)<br><br>Тим за<br>Самоевалуација<br><br>Набљудување, разговор со директор и<br>наставници<br>(одделенски совет)<br><br>Разговори со<br>претседатели на стручни активи<br><br>Разговори со<br>координатори на<br>тимовите | Тим за<br>Самоевалуација од оваа подрачје кој го сочинуваат:<br><br>**1. Наташа Златковска- координатор**<br>**2. Данијела Антевска- заменик**<br>**3. Вера Тодоровска**<br>**4. Оливера Јовановски**<br>**5. Олга Глигорова**<br>**6. Љубинка Стојмановска**<br>**7.Елена キпријановска** | ***5.1*** **Комуникација на ниво на училиште**<br><br>*Комуникација: на состаноци на органи и тела*<br><br>*а) Наставнички совет*<br><br>Директорот секогаш навремено го информира наставничкиот совет за одржувањето на состаноците, како и за претстојниот дневен ред на состанокот кој се планира. Дневниот ред уредно се става на гласање т.е усвојување и директорот побарува и дозволува дополнување на истиот од страна на наставниците.<br><br>Предлозите за дополнување се прифаќаат и ставаат на дневен ред секогаш кога некој од присутните има што да додаде. Освен предлозите, исто така и идеите или мислењата на дадените предлог точки слободно се изложуваат и дискутираат и се почитуваат различните мислења.<br><br>*б) Одделенски совет*<br><br>На состаноците на одделенските совети, членовите уредно присуствуваат и учествуваат во дискусиите. Се раздлегуваат поединечно и успехот и поведението на учениците и од страна на одделенските раководители се посочуваат ученици со поголем број на отсуства (оправдани или непоправдани) или ученици со проблеми со дисциплината, и наставниците заедно пронаоѓаат начини за постапување по одредените теми. Се донесуваат и усвојуваат дисциплински мерки со цел да се влијае на подобрувување на дисциплината, а со тоа и на цеколупниот наставен процес. Исто така се разменуваат мислења за надарените ученици, као тие да се стимулираат или наградуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| Разговори со<br><br>наставници, ученици,<br><br>стручна служба,<br><br>директор | | *в) Стручни активи*<br><br>Од разговорите со претседателите на стручните активи заклучивме дека членовите редовно и одговорно ги посетуваат закажаните состаноци. Се дискутира и за учениците со проблеми со дисциплината како и за талентираните ученици и се донесуваат одлуки за најсоодветни методи или техники, приоди кон одредени истакнати случаи. Се споделуваат искуствата од посетени обуки и семинари, а исто така се разменуваат и корисни материјали кои служат за работа на час или подготовка на часови.<br><br>*г) Училишни тимови*<br><br>Комуникацијата и во училишните тимови се одвива позитивно. Членовите се мотивирани да учествуваат во своите тимови, да разменуваат мислења, да даваат предлози, да изнесат мислење, и при тоа сегогаш се почитуваат идеите и различните видувања. Заеднички се доаѓа до заклучоци и се<br><br>утврдуваат следни чекори и обврски дали за членовите поединечно или за тимот во целост. Членовите прифаќаат дека заедно со координаторите на тимовите раздачите правилно и рамномерно се назначуваат.<br><br>***5.2* Комуникација на ниво на училиница**<br><br>*а) Комуникација: наставник- ученик*<br><br>Комуникацијата во наставата претставува размена на пораки помеѓу наставникот и ученикот. Можеме да кажеме дека во нашето училиште, кај поголем дел од наставниците успешно е воспоставена комуникација наставник-ученик. Може да се каже дека е присутно взаемно почитување меѓу наставниците и учениците. Наставниците со разбирање гледаат на нивните грешки, ги прифаќаат реагирањата на учениците и соодветно одговараат на нив. Избегнуваат да создаваат конфликтни ситуациии помеѓу наставник- |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученик.<br><br>Учениците слободно можат да го искажат своето мислење. Наставниците внимателно ги слушаат учениците кога зборуваат, избегнуваат да ги прекинуваат додека зборуваат, се трудат да ги ислушаат до крај. Честопати ги мотивираат и со невербален говор, со што ги поттикнуваат учениците да бидат слободни во искажувањето на одговорите и своето мислење.<br><br>Се трудат во паралелката да одржуваат позитивна и пријатна атмосфера за работа, со што ја зголемуват желбата на учениците да се активираат за време на часот. Со учениците разменуваат идеи како да го подобрат учењето, или идеи кои се од полза за учениците.<br><br>б)*Комуникација: ученик-ученик* |
| Разговор со директор<br><br>Разговор со<br><br>претставници на МОН,<br><br>БРО<br><br>Разговор со директор, | | Комуникацијата ученик-ученик се одвива на задоволително ниво. Учениците се одговорни кога треба да се изработи некоја задача, работат тимски, се даваат предлози и се донесуваат решенија кои се најдобри за разрешување на некој проблем или исполнување на задачата. Меѓусебно добро соработуваат, се сослушуваат еден со друг, даваат можност секој да го каже своето мислење. Добро ги прифаќаат новодојдените ученици, им даваат поддршка на послабите, се трудат да им помогнат, до извесна мера покажуваат трпение и толерантност кон ученици кои не ги почитуваат училишните правила, но во исто време и го искажуваат своето несогласување со некое несоодветно оиднесување на поедини ученици, пријавувајќи ги кај раководителите на паралелката, стручната служба или кај директорот. Кога ќе се појави некоја конфликтна ситуација, учениците со помош на наставниците, стручната служба или директорот се трудат да ги разрешат до крај ситуациите, искрени се едни спрема други, покажуваат<br><br>разбирање и емпатија кон соучениците, но во исто време се и реални, со што полесно се надминуваат недоразбирањата и конфликтите. Таквиот однос овозможува да има добра и позитивна комуникација меѓу нив, со што се избегнува продлабочување на |

| | | |
|---|---|---|
| стручна служба,<br><br>претставници на<br><br>граѓански здруженија<br><br><br>Разговор со директор<br><br><br>Разговор со директор и<br><br>стручна служба | | настанатиот проблем.<br><br><br>**5.3 Комуникација со окружувањето на училиштето**<br><br>*а) МОН , БРО, ДПИ*<br><br>Од разговорите со директорот можеме да заклучиме дека постои позитивна и двонасочна комуникација помеѓу нашето училиште и МОН, БРО и ДПИ. Се разменуваат податоци кои се потербни за ефикасно и непречено функционирање на воспитно образовниот процес, се посетуваат семинари и обуки за потребни, целни групи или проблематики и заеднички се делува за успешни следни чекори и напредок.<br><br><br>*б) Локална самоуправа*<br><br>Во овој дел комуникацијата се одвива редовно и позитивно. Се одржуваат состаноци по потреба како во училиштето така и во општината. За престојните состаноци секогаш се добива навремено известување, но исто така навремено и уредно се потврдуваат и присуствата на поканетите или пак отсуствата кога за тоа има причина. Состаноците се консултативни или информативни по потреба и секогаш од заеднички интерес.<br><br>Треба да се наведе и дека комуникација со општината т.е со Градоначалникот остварија и учениците од нашето училиште (второ одделение) со цел запознавање на седиштето и градоначалникот за потребите за реализација на наставната програма. Во комуникацијата со локалната самоуправа би ги наброиле и заедничките настани организирани од страна на општината или пак училиштето каде учество земаат и двете страни. Позитивната комуникација се одвива на сите нивоа и преку сите служби.<br><br><br>*в) Граѓански здруженија*<br><br>Комуникацијата со граѓанските здруженија се одвива со потребниот интензитет во зависност од активностите и работата на здруженијата, во даден временски период. Вклучените членови од |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето ја одржуваат потребната комуникација со претставниците од здруженијата и секоја страна уредно ги извршува своите задачи.<br><br>*г) Бизнис сектор*<br><br>Комуникацијата со бизнис секторот во изминатите години не е на многу високо ниво, се соработува само кога се има взаемна потреба од двете страни.<br><br>*д) Други образовни институции во Р.Северна Македонија и странство*<br><br>Што се однесува на соработката со други воспитно образовни институции од општината или од соседните општини, училиштето има соработка со ООУ „Фаик Коница“, с. Слупчане, Општина Липково.<br><br>Би кажале дека соработката и комуникацијата со сите напред споменати институции е взаемна, континуирана и секогаш позитивна. |

**Подрачје 5. КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**Клучни јаки страни**

- Позитивна клима за работа во училиштето;

- Добро воспоставена комуникација помеѓу наставник - наставник, наставник - ученик, наставник – родител и сите чинители на воспитнообразовната дејност;

- Односот помеѓу наставниците и наставниците и учениците се базира на взаемна доверба и почитување;

- Се врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно образовниот процес;

- Се вршат редовни анализи на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците поединечно, на ниво на паралелка и на ниво на училиште;

- Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка;

- Се дава редовна усна и писмена повратана информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување ;

- Задоволителни постигнувања на натпревари;

- Анимирање на учениците за активности во и надвор од училиштето преку натпревари културни и спортски настани;

- Постои континуирана соработка со релевантни институции (МОН, БРО, ДПИ);

- Постои соработка со јавните установи во области од нивни домен;

- Редовно осигурување на учениците;

- Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен / стручни активи

**Слабости**

- Делумно се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените;

- Постои делумна соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии.

- Учениците не се доволно информирани за дејноста што стручниот соработник ја извршува во училиштето

- Постои делумна меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини

- Постои делумна вклученост на родителите во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми

- Училиштето делумно остварува соработка со други образовни институции во Република Северна Македонија.

**Самоевалуација на училиштата: ООУ „Магдалена Антова“ Карпош-Куманово Подрачје 5.**
**КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

| |
|---|
